Илија Петрушевски
Благоја Маркоски

# РЕКИТЕ
# ВО
# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



# РЕКИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## А

**Азмак**, река во Струмичкото Поле, лево од патот Струмица-Петрич, јужно од селото Петралинци и источно од Струмица. Зафаќа сливно подрачје од 49,87 $km^2$.

**Ај Дере**, река во јужниот дел на планината Плачковица, источно од селото Подареш и се влива во Стара Река (Радовишка).

**Ак Дере**, в. Ступница.

**Актош Дере**, река во северозападниот дел на Плачковица во областа Јуруклук, источно од градот Штип, се влива во Брегалница.

**Алгица**, река на Мокра Планина, западно од селото Алдинци и се влива од десната страна во Кадина Река.

**Анска Река**, извира на југозападните падини на Беласица, поминува низ Валандовското Поле и кај селото Милетково се влива во Вардар. Зафаќа сливно подрачје од 167,9 $km^2$.

**Арматушки Поток**, се наоѓа во источниот дел на Битолско Поле, североисточно од Битола, тече низ селото Арматуш и се разводнува низ полето.

**Асаноец**, река на Плакенска Планина, над селото Слоештица. Учествува во формирањето на Слоештичка Река.

**Аџина Река**, извира на планината Бистра, поминува низ селото Аџиевци и од левата страна се влива во реката Радика.

**Аша Дере**, река на северната падина на планината Плауш, југозападно од градот Струмица, десна притока на реката Струмица.



## Б

**Бабина Река**, се наоѓа во западниот дел на планината Бигла, јужно од селото Кривени, десно од патот Ресен-Охрид, се влива во Голема Река (Ресенска) и со неа се влива во Преспанското Езеро.

**Бабинска Река**, е десна притока на Црна Река. Извира на 1.902 м.н.в. на Плакенска Планина, поминува низ селата Базерник и Бабино и се влива во Црна Река. Се вика и Мала Река.

**Бабуна**, река која извира на Мокра Планина, јужно од врвот Солунска Глава, поминува меѓу Мокра и Орешка Планина. Долга е 65 km. Се влива во Вардар, 5-6 km јужно од Велес на 155 м.н.в.. Зафаќа сливно подрачје од 615,48 $km^2$. Средната височина на сливот изнесува 800 м. Нејзиниот вкупен пад изнесува 1605 m, а просечниот пад е со вредност од 25 ‰. Нејзини поголеми притоки од десната страна се: Орешка Река, Брезица, Црнушка Река, Изворчица и Река.

**Балтанска Река**, се наоѓа на западната падина на планината Баба до границата со Грција, југоисточно од селото Брајчино и Ресен, поминува низ ресенското село Балдовенци.

**Бара**, река на Сува Гора, источно од Гостивар во атарот на село Волковија, поминува покрај Волковија и се влива во Вардар.

**Барбешница**, река во северниот дел на планината Плачковица, југоисточно од селото Блатец и Виница, се влива во Малешевска Река.

**Бардачка Река**, се формира во северниот дел на Огражден. По напуштањето на горниот дел го менува своето име во Сливничка Река, а потоа се влива во Преведенска Река. Бардачка Река целата година е богата со вода Припаѓа на сливот на реката Струма.

**Баничка Река**, се наоѓа северозападно од Дебар, на планината Крчин, се влива во Црн Дрим. Зафаќа сливно подрачје од 29,5 $km^2$.

**Барлен**, се наоѓа на Беласица, јужно од селото Габрово и југоисточно од Струмица.

**Бача**, река на северната падина на Беласица, јужно од селото Колешино и југоисточно од Струмица.

НАЦИОНАЛНА И УНИВ. БИБЛИОТЕКА "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" СКОПЈЕ

**Бачишка Река**, се наоѓа на планината Бистра, поминува низ селото Бачиште и северозападно од Кичево, се влива во Зајска Река.

**Баштевска Река**, се наоѓа на планината Билино, поминува низ селото Баштево и се влива во Крива Река.

**Бегличка Река,** се наоѓа на северозападната падина на планината Бигла, тече кон Преспанската Котлина и се влива во Лева Река (Преспанска).

**Бегова Река**, в. Тополка.

**Безгачева Река**, се наоѓа меѓу планините Огражден и Малешевските Планини, во горниот тек се вика Суви Лаки, покрај неа, поминува патот Берово- Струмица.

**Бела Вода**, извира на планината Бистра кај селото Јанче, се влива во Мала Река (Мијачка).

**Бела Вода**, река на планината Клепа која е јужно од Велес, поминува низ селото Војница и се влива во реката Бабуна. Зафаќа сливно подрачје од 72,17 km$^2$.

**Бела Река (Ниџева),** се наоѓа на планината Ниџе, во пределот на Мариово, југоисточно од селото Будимирци и Битола, се влива во Црна Река.

**Бела Река (Плакенска),** се наоѓа на Плакенска Планина, над селото Слоештица и учествува во формирањето на Слоештичка Река

**Бела Река (Осоговска)**, се наоѓа на јужната падина на Осогово, кај Кочани, се влива во Брегалница. Зафаќа сливно подрачје од 42,2 km$^2$.

**Бела Река (Смрдешка)**, се наоѓа во југоисточниот дел на планината Смрдеш, источно од селото Белотино и западно од Струмица.

**Белези**, извира на планината Челоица и се влива во Зајска Река близу Кичево.

**Белешница**, река на планината Стогово источно од Дебар, лева притока на Мала Река (Мијачка).

**Белица**, извира во подножјето на планината Караџица (во областа Пореч). Се влива во Треска. Долга е 5 km.





Сл. 1. Река Белица со изворишниот дел под планината Караџица, најкратката и најполноводна река во Република Македонија

**Беличка Река (Јабланичка)**, се наоѓа на планината Јабланица, извира југоисточно од врвот Црн Камен и тече низ селото Горна и Долна Белица и се влива во Црн Дрим. Зафаќа сливно подрачје од 57,75 km$^2$.

**Белица Река (Кожуфска)**, се наоѓа на источната падина на планината Кожуф, поминува низ селото Серменли и се губи во Гевгелиското Поле. Во горниот тек се вика Песок Река.

**Беличица**, река на планината Бистра, поминува низ селото Беличица и се влива во Мавровското Езеро.

**Беличка Река**, се наоѓа на Илинска Планина меѓу селата Белица и Козица кои се јужно од Кичево и кај селото Другово се влива во реката Треска. Зафаќа сливно подрачје од 123,2 km$^2$.

**Беловишка Река,** се наоѓа на Шар Планина со високи водопади, поминува низ селото Беловиште, Беловишкото Поле и се влива во Вардар.

**Белошица,** река на планината Манговица, тече низ селата: Стрезовце, Пуздерци, Зарапинци, Лезово и се влива во Злетовска Река. Зафаќа сливно подрачје од 75,25 km$^2$.

**Бериш Река**, се наоѓа во Овче Поле, северно од Свети Николе, притока на Светиниколска Река.

**Бесни Дол**, река западно од Кочани, тече низ селото Бели и се разводнува во Кочанското Поле.

**Бесни Дол,** река на планината Осогово, се соединува со Вратиславска Река и реката Плита и ја создаваат реката Рибница (Осоговска)..

**Бетева Река,** се наоѓа на југозападната падина на планината Бабуна , тече низ селата Небрегово, Дупјачани и се разлева во Прилепското Поле.

**Бешишка Река**, се наоѓа на планината Ниџе, поминува западно од селото Бешиште и се влива во Црна Река.

**Бигљанска Река**, се наоѓа во пределот на Пијанец, западно од Делчево, лева притока на Брегалница.



**Бистра**, река на планината Бистра, југоисточно од селото Маврово, притока на Тресонечка Река.

**Бистрица,** река на Шар Планина, тече низ селата Пршовце и Јегуновце. Се влива во Вардар. Позната е како Теаречка Бистрица. Зафаќа сливно подрачје од 37,2 km$^2$.

**Бистрица**, река североисточно од Куманово, лева притока на Пчиња. Зафаќа сливно подрачје од 48,05 km$^2$.

**Битушница**, река на планината Крчин, поминува низ селото Битуше и се влива во Радика.

**Блатешница**, река на источната падина на планината Плачковица, тече низ селото Блатец и се влива во Малешевска Река. Зафаќа сливно подрачје од 21,35 km$^2$.

**Блатечка Река** се формира под билото на планината Влаина во областа Пијанец, Се влива во реката Желевица, долга е 9,7 km.

**Блато**, река во западниот дел на Прилепското Поле, извира на Бушева Планина, тече низ селата Боротино и Пешталево и се влива во Црна Река. Во горниот тек се вика Рибница (Прилепска). Зафаќа сливно подрачје од 922,33 km$^2$.

**Блаштица**, река која се наоѓа меѓу планините Мариовски Козјак и Кожуф, источно од селото Рожден и се влива во Црна Река. Во горниот тек се вика Рожденска Река. Зафаќа сливно подрачје од 184,32 km$^2$.

**Богдевска Река,** извира високо на Шар Планина. Поминува низ селото Богдево и се влива во Радика.

**Боговинска Река**, извира на Шар Планина, тече низ селото Боговиње југозападно од Тетово, при висок водостој се влива во Вардар. Зафаќа сливно подрачје од 61,4 km$^2$.

**Боишка Река**, се наоѓа во северниот дел на планината Бигла, поминува низ селото Боиште и се влива во Црна Река. Извира на 1.430 м.н.в. Во горниот тек е позната под името Катунишка Река, а од селото Жван до вливот во Црна Река е позната како Боишка Река. Нејзината вкупна должина изнесува околу 15 km и зафаќа сливна површина од околу 95 km$^2$.

**Болска Река**, извира на Илинска Планина, поминува низ ресенските села Илино и Болно и се разводнува низ полето на Преспа. Во горниот тек се вика Илинска Река. Зафаќа сливно подрачје од 42,43 km$^2$.

**Бохулска Река**, се наоѓа на планината Кожуф, југозападно од Демир Капија тече низ селото Бохула и се влива во реката Бошавица.

**Бочевник,** река на планината Кожуф, северно од раселеното село Радња, јужно од Демир Капија, лева притока на Радњанска Река.

**Бошавица,** извира на планината Кожуф и се вика Лисачка Река, Поминува меѓу Кожуф и висорамнината Витачево со името Бошавица и е десна притока на Вардар долга 49 km со вкупна сливна површина од 467,7 km$^2$. Изворот и се наоѓа во подножјето на Кожуф Планина на надморска височина од 1070 м а во Вардар се влива кај Демир Капија на 95 м.н.в.. Средната височина на сливот изнесува 930 m. Нејзиниот вкупен пад изнесува 979 m а просечниот пад е со вредност од 19,9 ‰. Низ својот тек од десната страна ги прима двете поголеми притоки: Бохулска Река, долга 23 km и Дошница долга 38,5 km.

**Брајчинска Река**, се наоѓа на западната падина на планината Баба, југоисточно од Ресен, тече низ селото Брајчино и се влива во Преспанско Езеро. Зафаќа сливно подрачје од 71,7 km$^2$.

**Брам,** река во северниот дел на Струшкото Поле, североисточно од Струга, тече западно од селото Делогожда и се влива во реката Сатеска, во летниот период се разводнува во Струшкото Поле.

**Брегалница,** река во источна Македонија, извира на Малешевските Планини под врвот Ченгино Кале на 1720 м.н.в. Тече низ областа Малеш и Пијанец (градовите Берово и Делчево), Кочанското Поле, Штип, Овче Поле и кај Градско се влива во Вардар на кота од 137 m. Должината и изнесува 225 km и е најдолга притока на Вардар. Зафаќа сливната површина од 4343,7 km$^2$. Има композитна долина со неколку клисури (Разловечка Клисура, клисурата Калиманци и клисурата кај Ново Село Штипско. Најголеми притоки на Брегалница се реките Железница. Каменичка Река, Злетовска Река, река Осојница, Крива Лакавица и Светиниколска Река. Во сливот на Брегалница има и 4 поголеми вештачки езера и тоа: Ратевско на Ратевска Река, Калиманци на Брегалница и Мантово на Крива Лакавица и Кнежевско Езеро на Злетовска Река и неколку мали акумулации.



**Брезица,** река во северниот дел на планината Бабуна, десна притока на реката Бабуна. Зафаќа сливно подрачје од 71,15 km$^2$.

**Брезоштица,** в. Горна Река.

**Брек**, в. Рибница (на Кораб).

**Брештанска Река**, се наоѓа на западната падина на планината Стогово во Долна Жупа, десна притока на Црн Дрим.

**Брљеска Река**, се наоѓа на планината Кожуф, западно од селото Смоквица и северозападно од Гевгелија. Десна притока на Вардар.

**Брнишки Поток**, се наоѓа на Селечка Планина, тече низ селото Брник и се влива во Црна Река.

**Бродечка Река,** извира на Шар Планина, тече низ селото Бродец и се влива во горниот тек во Радика.

**Броштица,** река на западните падини на планината Стогово, минува низ селото Броштица и се влева во Дебарското Езеро.

**Брусничка Река**, се наоѓа во западниот дел на Конечка Планина, тече низ раселеното село Брусник и се влива во Вардар.

**Брустовечка Река**, се наоѓа на Шар Планина, притока на Боговинска Река.

**Бугуновец**, река на планината Плачковица, поминува низ селото Бурилчево и се влива во Брегалница, југозападно од Кочани.

**Будимирска Река**, се наоѓа во пределот на Малеш, тече меѓу селата Будинарци и Митрашинци и се влива како лева притока во Брегалница.

**Буков Крек**, река во северниот дел на планината Огражден, североисточно од Стумица а се влива во Циронска Река.

**Буковиќ**, река во југоисточниот дел на планината Смрдеш, поминува низ селото Дукатино, југоисточно од Радовиш и се разлева низ Струмичкото Поле.

**Бура**, река на планината Смрдеш, западно од селото Вељуса и северозападно од Струмица.

**Бутурица**, река во областа на Мариово, лево од патот за Витолиште, југоисточно од Прилеп, се влива во Црна Река, во изворишниот дел се вика Задња Река. Зафаќа сливно подрачје од 107,17 km$^2$.

**Бучало**, река во северозападниот дел на Струмичко Поле и северозападно од Струмица, лева притока на реката Струмица.

**Бучечки Дол**, река на планината Осогово, јужно од градчето Злетово, лева притока на Злетовска Река.

**Бучевска Река**, се наоѓа на северната падина на планината Плачковица, југозападно од селото Теранци и Кочани, се влива во Брегалница како лева притока.

# В

**Валавица,** извира во северниот дел на Стогово под превојот Јама, во изворишниот дел се вика Јамска Река, а во долниот тек Валавица. Се влива во Мала Река (Мијачка) кај селото Ехловец. Зафаќа сливно подрачје од 32 km$^2$.

**Вапилица**, река во крајниот југозападен дел на Плакенска Планина, поминува низ селото Вапила и се влива во Опејниска Река или Коселска Река, а потоа во Охридското Езеро. Зафаќа сливно подрачје од 49,03 km$^2$.

**Варваричка Река**, се наоѓа во крајниот југоисточен дел на планината Смрдеш, извира во атарот на селото Варварица, северозападно од градот Струмица и се влива во реката Струмица.

**Вардаленид**, в. Циронска Река.

**Вардар,** најголема река во Република Македонија. Извира кај с. Вруток (гостиварско) од карстен вруток на кота од 683 м.н.в., а ја напушта територијата на Републиката кај Гевгелија на кота од 48 м.н.в.. Должината му изнесува 301 km, а до вливот во Егејското Море има должина од 390 km. Има композитна долина. Тече низ Полошката Котлина, Дервенската Клисура, Скопската Котлина, Таорската Клисура, Велешкото речно ерозивно проширување, Тиквешката Котлина, Демир-каписката Клисура, Валандовско-гевгелиската Котлина, Циганската



Клисура, Солунското Поле и се влива во Солунскиот Залив во Егејско (Бело) Море. Во Република Македонија има слив од 20.525 km$^2$, а вкупниот слив од изворот до вливот во Егејското Море изнесува 28.410 км$^2$. Поголеми притоки се реките Треска, Тополка, Бабуна, Црна Река, и Бошава од десната страна, и Лепенец, Пчиња и Брегалница од левата страна. Има извонредно меѓународно, регионално и локално значење, бидејќи од неа започнуваат, или кон неа гравитираат сите важни сообраќајници во државата. Особено е значајно тоа што на север се поврзува со долината на р. Морава и понатаму со Дунав и Средна Европа, а на југ со Солун и Источниот Медитеран. Долината е значајна и по тоа што преку неа од југ продираат влијанијата на Средоземното Море, а од север умерено-континенталната клима. Тоа понатаму има големо влијание врз целокупната клима на Република Македонија

**Варошки Поток**, се наоѓа западно од Дебар, притока на реката Црн Дрим.

**Ваташка Река**, в. Луда Мара.

**Вејачка Река**, се наоѓа на Шар Планина, северозападно од Тетово, поминува низ селото Вејце и се влива во Пена.

**Велика Река (Осоговска),** се наоѓа на планината Осогово, источно од селото Јастребник и северно од Кочани. Се влива во Брегалница.

**Велика Река**, в. Треска.

**Вељак**, река на планината Голешница, кај селото Дреново што е северозападно од Велес, како лева притока се влива во Тополка.

**Ветуничка Река,** извира на југозападната падина на планината Герман, поминува низ областа Славиште, источно од патот што оди за Кратово и селата Вражогрнци и Ветуница. Се влива во Крива Река.

**Вепрчанска Река**, се наоѓа во западниот дел на Тиквешка Сува Планина, југоисточно од Прилеп, минува низ селото Вепрчани и се влива во Црна Река.

**Видовишка Река**, се наоѓа во северозападниот дел на планината Плачковица, поминува низ селото Видовиште јужно од Кочани и се разводнува низ Кочанското Поле.



Сл. 2. Река Вардар низ Демир-каписката Клисура



**Виничка Река**, се наоѓа во северниот дел на планинта Плачковица, поминува низ Кочанското Поле и селото Виница и се влива во Брегалница.

**Виничка Река (Пехчево)**, се наоѓа северно од Пехчево на планината Влаина на 1,535 м.н.в., Преставува постојан водотек со пороен карактер. Долга е 9,70 km. Поминува низ селото Црник и се влива во реката Желевица.

**Вир**, река во Битолкото Поле, јужно од селото Оптичани и југоисточно од Битола, се влива во Црна Река.

**Вировска Река**, се наоѓа во јужниот дел на Плакенска Планина. Се формира од Дедоичка Река со должина од 2,4 km и Отлоичка Река со должина од 2,6 km над с. Вирово а потоа во должина од 3,8 km како Вировска Река. На неа имало над 60 валалници и повеќе воденици.

**Вирочка Река**, се наоѓа на западната падина на планината Влаина, југоисточно од Делчево, тече низ селото Вирче и се влива во Брегалница. Должината на реката од изворот до влевот во Брегалница изнесува 6,5 km. Претставува периодичен водотек.

**Витолишка Река**, се наоѓа на Мариовски Козјак, минува низ селото Витолиште и се влива во Црна Река.

**Влаина Река,** се наоѓа на планината Влаина. Под селото Моштица се соединува со Селска Река и ја формираат Моштичка Река.

**Вада**, река на планината Смрдеш, тече кон Струмичкото Поле, западно од селото Вељуса и северозападно од Струмица. Вади е збор на античките Македонци што значи вода. Во Полог наводнување се вика вади.

**Воденичка Река (Клепа)**, се наоѓа на планината Клепа, источно од селото Мрзен, Ораовец и северозападно од Кавадарци, при поголем водостој се влива во реката Раец.

**Воденичка Река (Липково)**, се наоѓа на Скопска Црна Гора, југозападно од селото Думановце и северозападно од Куманово. Се влива во Липковското Езеро.

**Воденичка Река (Илинска Планина)**, извира под врвот Лиска на Илинска Планина на 1.680 м.н.в. Долга е 9 km. Има постојано вода која

на две локации се губи и тоа кај изохипсата 1.160 m и под месноста Попова Краста на изохипса од 920 m. Церска и Воденичка Река се вливаат во Големоилинска Река, која пак заедно со карстните врутоци кај с.Железнец се смета како извор на Црна Река.

**Воденичка Река, (Плакенска Планина)**, се наоѓа на Плакенска Планина, над селото Слоештица, учествува во формирањето на Слоештичка Река.

**Водесир,** Гранична река меѓу Конечка и Градешка Планина, јужно од селото Конче и североисточно од градот Демир Капија, лева притока на Вардар.

**Водочница**, река во западниот дел на Струмичкото Поле, северно од селото Водоча и северозападно од Струмица. Зафаќа сливно подрачје од 188,2 km$^2$.

**Возанска Река**, се наоѓа на северната падина на планината Смрдеш, северозападно од селото Дукатино и југоисточно од Радовиш, тече кон Радовишкото Поле и во него се разводнува.

**Војче,** помала река, извира на Сува Гора, јужно од Гостивар. Тече низ селото Волковија и се влива во Вардар.

**Волковска Река**, се наоѓа на западната падина на планината Дрен, јужно од селото Волково и Прилеп, се разводнува во Прилепското Поле.

**Вољтиње,** река на планината Осогово меѓу селата Спанчево и Бања северозападно од Кочани, кога не се користи за наводнување се влива во Брегалница.

**Врањиевска Поројница**, повремена река во источниот дел на Битолско Поле, југозападниот дел на Селечка Планина, поминува низ селото Врањевци, источно од Битола.

**Врановска Река,** се наоѓа на Мокра Планина, поминува низ селото Горно Врановци и се влива од десната страна во реката Тополка.

**Врапчишка Река**, се наоѓа на Шар Планина северозападно од Гостивар, поминува низ селото Врапчиште и се разводнува низ полето, при висок водостој се влива во Вардар. Зафаќа сливно подрачје од 22,1 km$^2$.



**Вратиславска Река,** се наоѓа на планината Осогово, поминува низ селото Вратиславци и се соединува со реката Тинта и Бесни Дол и ја создаваат реката Рибница (Осоговска).

**Вратничка Река**, в. Љуботенска Река.

**Врбичка Река**, се наоѓа на планината Осогово, поминува низ селото Врбица, кое се наоѓа западно од Кочани.

**Врбјанска Река**, се наоѓа во областа на Горна Дебарца, поминува низ селото Врбјани и кај селото Арбиново се влива во реката Сатеска. Зафаќа сливно подрачје од 31,7 km$^2$.

**Врело**, река на Скопска Црна Гора, источно од селото Булачани и североисточно од Скопје, без завршеток.

**Вртешка**, река на планината Плачковица, источно од Штип, поминува низ селото Вртешка и се влива во реката Коџа Дере, а таа во реката Брегалница.

**Вруточка Река**, извира на Шар Планина, поминува низ селото Вруток и се влива во Вардар.

**Вршок,** река на планината Крчин, западно од селото Ростуше и северозападно од Дебар, се влива во Радика.

**Вуксанска Река**, се наоѓа на Скопска Црна Гора, јужно од селото Отља и југозападно од Куманово, пренасочена кон Липковското Езеро.

**Вучји Дол,** река на Илинска Планина која кај селото Големо Илино се соединува со Попов Дол и ја формираат Големоилинска Река.

# Г

**Габерска Река**, извира на планината Билино, тече низ селото Габер, источно од селото Длабочица западно од Крива Паланка и се разводнува низ Славишкото Поле, при висок водостој се влива во Крива Река. Зафаќа сливно подрачје од 19,63 km$^2$.

**Габрешка Река**, се наоѓа на планината Кожуф, тече низ раселеното село Габрово западно од Гевгелија и се влива во Стара Река (Кожуфска) која пред да дотече во Вардар се разводнува.

**Габровска Река**, се наоѓа во југоисточниот дел на планината Осогово, североисточно од Делчево. Се формира од Црварица 4,5km и Стар Дол 5,1 km, поминува низ селото Габрово, потоа во должина од 4,5km кај Делчево се влива од десната страна во Брегалница. Зафаќа сливно подрачје од 31,6 $km^2$.

**Габровчица**, река на Шар Планина во атарот на селото Доброште, североисточно од градот Тетово, поминува низ селото Доброште и се разводнува низ полето. За време на висок водостој се влива во Вардар.

**Гавраница**, река на западната падина на планината Бигла поминува низ селото Лева Река североисточно од Ресен и се спушта во Преспанската Котлина каде се разводнува. Зафаќа сливно подрачје од 10,38 $km^2$.

**Галичка Река**, се наоѓа на планината Бистра, поминува низ селото Галичник и се влива во Радика. Зафаќа сливно подрачје од 26,4 $km^2$.

**Гарванска Река,** се наоѓа на источната падина на Конечка Планина, поминува низ селото Гарван и се влива во реката Крива Лакавица.

**Гарска Река,** се наоѓа меѓу планините Бистра и Стогово и се влива во Мала Река (Мијачка). Поминува низ селото Гари. Зафаќа сливно подрачје од 82,74 $km^2$.

**Гвадарник**, река на југозападната падина на планината Плачковица, северозападно од Радовиш, во областа Јуруклук, тече кон северозапад и кај Штип се влива во Брегалница.

**Германска Река,** се наоѓа на планината Герман кај селото Герман, западно од Крива Паланка, се спушта кон Славишко Поле и се разводнува.

**Глабочица,** извира на Стогово и се влива во Црн Дрим.

**Главијанци,** река во областа Малеш источно од селото Мачево и северозападно од Берово, десна притока на Брегалница.



**Глоговачка Река**, се наоѓа на југоисточната падина на планината Бабуна, кај селото Никодин покрај патот Прилеп – Градско се влива во реката Раец. Зафаќа сливно подрачје од 51,25 $km^2$.

**Голема,** в. Матица.

**Голем Кутуров**, река на планината Бистра минува низ селото Тајмиште северозападно од Кичево и се влива во Зајска Река.

**Голема Ливада**, в. Жаба.

**Голема Река**, се наоѓа на Градиштанска Планина, јужно од селото Калино, притока на река Бериш, а таа се влива во Светиниколска Река.

**Голема Река**, в. Збошка Река.

**Годивска Река,** извира на Славеј Планина, во областа Дебарца, поминува низ селото Годивје и се влива во реката Сатеска.

**Голема Река**, в.Тополка

**Голема Река (Дебарцка)**, се наоѓа на западната падина на Плакенска Планина тече низ пределот на Долна Дебарца и се влива во Сатеска.

**Голема Река (Ресенска)**, реката се формира од повеќе мали реки на планината Бигла, поминува низ селото Јанковец и Ресен и се влива во Преспанското Езеро. Зафаќа сливно подрачје од 66,45 $km^2$.

**Голема Река (Ницева)**, се наоѓа на планината Ниџе во пределот на Мариово југоисточно од селото Будимирци и источно од Битола.

**Голема Река (Голешничка)**, се наоѓа на планината Голешница, тече низ селото С'лп и се влива во Вардар, северозападно од Велес.

**Голема Река (Клепина)**, се наоѓа на планината Клепа, поминува низ селото Крајнници и се влива во реката Бела Вода јужно од Велес, а пак Бела Вода се влива во Бабуна.

**Голема Река (Шарска)**, извира на Шар Планина при висок водостој минува низ селото Радиовце и се влива во Вардар, најчесто се разводнува низ полето.

**Големачка Река**, се наоѓа на северната падина на Плакенска Планина западно од Демир Хисар поминува низ селото Слоештица и се влива во Црна Река.

**Големоилинска Река,** извира на Илинска Планина во месноста Лиска на 1.908 м.н.в како Утов Дол. А над селото Големо Илино во месноста Попова краста извира Церска и Воденичка Река, потоа тие се спојуваат со Попов и Зли Дол се формира Големоилинска Река која минува низ селото Големо Илино. Над селото Железнец, кај кота 743 m во неа се влива Зли Дол. Таму е и изворот на Црна Река.

**Гопешка Река**, повремена река во југозападниот дел на Селечка Планина западно од селото Балдовенци и источно од Битола. Тече низ селото Гопеш .

**Горештица** извира во месноста Долна Цера на Осогово. Должината на реката изнесува околу 5,2 km. Има мало сливно подрачје и вода преку целата година.

**Горна Река (Мрежичка)**, в. Мрежичка Река

**Горна Река (Брезовска)**, се наоѓа на планината Лубен во пределот на Демир Хисар поминува низ селото Брезово и Доленци и се влива во Црна Река. Зафаќа сливно подрачје од 34 $km^2$.

**Горна Река (Брезоштица)** – е лева притока на Црна Река во Демир-хисарската област. Извира јужно од Коптенски Рид и се вика Ујемштица, која има должина од 7,6 km, а се влива во Горна Река (Брезовска) кај кота со 825 м.н.в. Должината на Горна Река изнесува околу 11 km. Поминува низ с.Брезово. Се влева во Црна Река.

**Горна Река (Бродска)**, се наоѓа на планината Песјак западно од градчето Брод, лева притока на Треска.

**Горна Река (Кратовска),** се наоѓа на планината Осогово, во изворишниот дел на Злетовска Река, источно од селото Емирица и Кратово.

**Горна Зла Река**, се наоѓа на Плакенска Планина југоисточно од селото Плаке северно од Ресен.

**Горноливадска Река,** в. Распаќе.

**Градечка Река,** се наоѓа на Градешка Планина, источно од Демир Капија, кај селото Градец се влива во Вардар. Зафаќа сливно подрачје од 37 $km^2$.



**Градешничка Река**, се наоѓа во пределот Мариово, североисточно од Битола поминува низ селата Градешница и Старавина и се влива во Црна Река. Зафаќа сливно подрачје од 119,5 $km^2$.

**Градска Река**, в.Прилепска Река

**Градус,** река на западната падина на планината Влаина, јужно од селото Разловци и северозападно од Пехчево, десна притока на Брегалница.

**Граешничка Река**, се наоѓа на источната падина на планината Баба, јужно од Битола, поминува низ селото Граешница и тече низ Пелагонија. Зафаќа сливно подрачје од 117,31 $km^2$.

**Грандовска Река**, се наоѓа северно од Пехчево на планината Влаина. Притока е на Сува Река (Влаина), а Сува Река (Влаина) се влива во Желевица, а потоа во Брегалница. Зафаќа сливно подрачје од 36,5 $km^2$.

**Грешанска Река**, се наоѓа во пределот на Торбешија, југоисточно од селото Студеничани и Скопје.

**Грубинци,** река на Скопска Црна Гора, поминува низ селото Слупчане северозападно од Куманово и се влива во Липковска Река од левата страна.

**Грунишки Поток**, се наоѓа на планината Ниџе во Мариово, поминува низ раселеното село Груниште североисточно од Битола.

**Гумленска Река,** се наоѓа северозападно од Пехчево источно од Разловечката Клисура и лево од патот Пехчево-Делчево се влива во реката Желевица.

# Д

**Дабова Река**, се наоѓа во источниот дел на планината Мариовски Козјак, северозападно од селото Рожден, лева притока на Рожденска Река.

**Дабштица,** река на западната падина на планината Влаина, десно од реката Брегалница и патот Пехчево – Делчево, северно од селото Иствевник и југоисточно од Делчево

**Даљан**, в. Коселска Река.

**Дворишка Река,** в. Циронска Река.

**Девишка Река,** се наоѓа на планината Песјак северно од селото Требино и градчето Брод, поминува низ селото Девич и се влива во Треска. Зафаќа сливно подрачје од 21,7 $km^2$.

**Techn Дединска Река,** се наоѓа на планината Смрдеш, поминува низ селото Дедино и се разводнува во Радовишкото Поле.

**Дедоичка Река,** се наоѓа во јужниот дел на Плакенска Планина, долга е 2,4 km. Заедно со Отлоичка Река ја формираат Вировска Река.

**Делиновска Река**, се наоѓа на планината Голешница, поминува низ селото Дејковец и се влива во Кадина Река од десната страна.

**Дербисер**, река на западната падина на планината Баба, југоисточно од Ресен, тече кон Преспанското Езеро и се влива во Брајчинска Река.

**Дервенска Река,** се наоѓа северно од Кичево, поминува покрај селото Колари се влива во Зајаска Река.

**Дервенска Река**, се наоѓа на северозападната падина на планината Беласица, покрај патот Струмица – с. Колешино, тече кон север и се разводнува во Струмичко Поле.

**Десни Дол,** планинска река на планината Влаина, лева притока на Панчаревска Река.

**Дибошница,** река на планината Кожуф, источно од селото Конопиште и јужно од Демир Капија.

**Дигинделска Река,** се наоѓа на Осогово, северно од Кочани и селото Полаки, се влива во Велика Река (Осоговска), а Велика Река се влива во Брегалница.

**Дисанска Река**, се наоѓа во Пределот на Тиквеш, на висорамнината Витачево, поминува низ селата Горни и Долни Дисан и се влива во реката Вардар, во горниот тек се вика Катраница. Зафаќа сливно подрачје од 32,6 $km^2$.

**Длабок Дол,** река на планината Бигла, која од левата страна се влива во реката Обедничица.



**Длабока Река**, се наоѓа на Кораб. На неа има водопад кој е висок 138 m, но не е постојан. Реката поминува низ селото Нистрово, па се влива во Нистровска Река, а таа е притока на Радика.

**Добровничка Река**, се наоѓа на планината Билино, источно од селото Добровница и северно од Крива Паланка.

**Добрилашка Река**, се наоѓа на Малешевските Планини, се влива во реката Лебница на Бугарска територија.

**Дол Река**, се наоѓа на планината Осогово, југоисточно од селото Турско Рудари и Злетово.

**Долга Чешма,** река на планината Влаина. Десна притока на Панчаревска Река.

**Долгашка Река**, се наоѓа на западната падина на планината Стогово, во пределот на Дебарска Жупа, поминува покрај Елевци и Долгаш и се влива во Дебарското Езеро југоисточно од Дебар.

**Долна Корија,** река на Мокра Планина, поминува низ селото Мелница и се влива во реката Тополка. Зафаќа сливно подрачје од 21,62 $km^2$.

**Долна Река**, се наоѓа во Овче Поле источно од Свети Николе, поминува низ селото Буриловци и Мустафино.

**Долни Лопушник**, река на планината Бистра притока на реката Валавица, а Валавица е притока на Мала Река (Мијачка).

**Домачка Река**, извира на планината Билино тече кон југ и во Крива Паланка се влива во Крива Река од десната страна.

**Дошница**, река во пределот на Демир Капија, десно од Вардар јужно од селото Чифлик и градчето Демир Капија, десна притока на Бошавица. Зафаќа сливно подрачје од 193,4 $km^2$.

**Драгобрашка Река**, се наоѓа на западните падини на планината Голак, североисточно од Виница, поминува низ раштрканото село Драгобрашта и се влива од десната страна во реката Осојница, а таа во реката Брегалница се среќава и со името Троблачка Река.

**Драгоманска Река,** извира на планината Кумановски Козјак. Поминува низ селото Драгоманце и како лева притока се влива во Пчиња.

**Дренов Дол,** река на планината Влаина, десна притока на Панчаревска Река.

**Драгор**, река која извира на североисточната падина на планината Баба, поминува низ селото Нижеполе, Дихово и градот Битола и се влива во Црна Река. Во горниот тек во неа се влива Сапунчица. Зафаќа сливно подрачје од 188,48 km$^2$.

**Дреночка Река,** се наоѓа на источната падина на планината Јабланица, поминува низ село Дренок, северно од Струга и се влива во Црн Дрим.

**Дренска Река**, се наоѓа на висорамнитата Витачево во пределот на Тиквеш, источно од селото Бегниште јужно од Кавадарци, се влива во Тиквешка Река.

**Држава**, река меѓу селата Руѓинце и Пендаќ источно од Куманово, десна притока на Крива Река. Зафаќа сливно подрачје од 34 km$^2$.

**Дрина**, река на планината Кожуф, северно од раселеното село Серменин и северозападно од Гевгелија, тече кон исток и се влива во Кованска Река.

**Дубока Река**, се наоѓа на планината Плачковица југоисточно од Штип, поминува низ селото Балталија и е лева притока на Крива Лакавица.

**Дубочичка Река**, се наоѓа во пределот Славиште, западно од Крива Паланка, поминува меѓу селата Петралица и Дубочица.

**Думановска Река,** се наоѓа на Скопска Црна Гора западно од селото Думановце и северозападно од Куманово.

**Дуње,** река на Осогово, југоисточно од Злетово, поминува низ селото Пантелеј и продолжува да тече кон југ, односно кон Кочанското Поле.

**Дуњица,** река во југоисточниот дел на планината Плачковица, источно од селото Подареш и југоисточно од Радовиш, се влива во Стара Река (Радовишка), а таа во реката Струмица.

**Дуњска Река**, се наоѓа меѓу планините Дрен и Тиквешка Сува Планина, југоисточно од Прилеп, поминува низ селото Дуње и се влива во Црна Река. Зафаќа сливно подрачје од 136,92 km$^2$.

**Дурачка Река**, се наоѓа на Осогово, притока на Крива Река. Зафаќа сливно подрачје од 43,65 km$^2$.



# Ѓ

**Ѓаволов Дол и Река**, се наоѓаат во областа Малеш, северно од селото Митрашинци и југозападно од Делчево, лева притока на Брегалница.

**Ѓандијиекарска Река**, се наоѓа на планината Буковиќ, поминува низ селото Ѓоновица јужно од Гостивар и се влива во реката Лакавица.

# Е

**Езерска Река**, се наоѓа на планината Баба, извира под Големото Езеро и се влива во реката Драгор. Се среќава и со името Лак Поток.

**Елешка Река,** е десна притока на Црна Река која доаѓа од денешната грчка територија и во Црна Река се влива западно од селото Бач.

**Емирича Река,** се наоѓа на планината Осогово. Извира кај селото Емирица, потоа поминува источно од селото Куново и градчето Кратово и се влива од левата страна во Кратовска Река. Зафаќа сливно подрачје од 32,6 km$^2$.

**Ехловска Река**, се наоѓа во североисточниот дел на планината Стогово, поминува покрај селото Ехловец и се влива во изворишниот дел на реката Треска, југозападно од Кичево.

**Ештерица**, река на Осогово, источно од селото Лесново и Пробиштип и се влива во Злетовска Река.

# Ж

**Жаба,** река на Бушева Планина, поминува низ селата Арилево и Долно Дивјаци, северозападно од Крушево. Се формира од повеќе извори на Бушева Планина на околу 1.600 м.н.в. Во Црна Река се влива над

с.Прибилци на 638 м.н.в. од нејзината лева страна. Нејзината должина изнесува 21 km, зафаќа сливна површина од 92,82 $km^2$ и има релативен пад од 23,7 ‰. Кај с.Долно Дивјаци од нејзината лева страна ја прима притоката Распаќе или уште се нарекува Горно Ливадска Река, која извира под врвот Стара Мусица (1.788 m) на Бушева планина.

**Жабина Река**, се наоѓа на планината Голешница, десна притока на Тополка. Во Тополка се влива кај селото Долно Јаболчиште.

**Жабичка Река,** се наоѓа на источната падина на планината Кожуф, западно од селото Негорци и северозападно од Гевгелија.

**Жабјак**, река во западниот дел на Струшко Поле, северно од селото Долна Белица и се разводнува низ Струшко Поле.

**Жарница**, река на планината Кожуф, јужно од селото Конопиште и Демир Капија извира близу границата со Грција.

**Желевица,** река на планината Влаина. Извира од подножјето на врвот Кадиица на 1822 м.н.в.. Се влева во Брегалница кај с. Тработивиште, при влезот во Делчевско Поле. Долга е 20 km. Вода има преку целата година. Вкупниот пад изнесува 943 m. Зафаќа сливна површина од 116,3 $km^2$. По нејзината долина оди патот Пехчево – Берово.

**Железна Река**, се наоѓа на планината Челоица, поминува низ селото Железна Река и се влива во Врадар.

**Железничка Река**, се наоѓа на планината Голак, тече кон запад и се влива во Малешевска Река, а таа во реката Брегалница, североисточно од селото Пекљане и градчето Виница.

**Жерница,** река на планината Кожуф близу до границата со Грција. Се соединува со Стара Жерничка Река.

**Жерноица**, река меѓу планините Кораб и Крчин северно од Дебар, десна притока на Радика, поминува низ селото Жерноица (Жировница).

**Живишка Река**, се наоѓа на јужната падина на планината Кумановски Козјак. Поминува низ селото Стрезовце. Таа е лева притока на Крива Река.

**Жиљце,** река на планината Мариовски Козјак, извира до границата со Грција кај Добро Поле, тече кон северозапад и се влива во Црна Река.



**Жужелица**, река на северните падини на планината Голак. Тече од југ кон север и се влива во Брегалница источно од селото Бигла и западно од Делчево. Должината на реката изнесува 6,3 km. со наклон од 15-25%. Има вода преку цлата година.

**Журешница**, река на јужната падина на Бушева Планина, северно од Демир Хисар. Извира на 1390 м.н.в. северозападно од Крушево. Во Црна Река се влива кај с.Сладуево на 625 м.н.в. Поминува низ селата Острилци (Острилечка Река) и Журче. Долга е 17,8 km. Зафаќа сливно подрачје од 41,7 $km^2$.

# З

**Заборје,** река на планината Мариовски Козјак, југоисточно од селото Полчиште.

**Завојска Река**, се наоѓа во северниот дел на планината Исток, североисточно од Охрид кај селото Скребатино. Се влива во Скребатинска Река.

**Задња Река**, в.Бутурица.

**Зајличка Река**, в.Модра Река

**Зајска Река**, се наоѓа северозападно од Кичево, поминува низ селото Зајас и се влива во Треска. Зафаќа сливно подрачје од 333,85 $km^2$.

**Запарска Река**, извира на Мокра Планина и се влива во реката Бабуна.

**Запололжница**, се наоѓа во Прилепското Поле, источно од селото Заполжани и северозападно од Прилеп во горниот тек се вика Сенокосна Река. Зафаќа сливно подрачје од 26 $km^2$.

**Затока,** река на планината Мариовски Козјак извира близу до границата со Грција, тече кон запад и северозапад и се влива во Црна Река.

**Збошка Река**, се наоѓа во северниот дел на планината Караорман . Минува низ раселеното село Ржаново. Во изворишниот дел се вика Јаз, во средниот тек Ума и во долниот тек Голема Река. Кај селото Глобочица се влива во Црн Дрим.

**Здравица**, река на западната падина на планината Ниџе до границата со Грција, југоисточно од Битола поминува низ селото Живојно.

**Здражевец,** река на јужната падина на Осогово, јужно од селото Нивичани и северозападно од Кочани.

**Зеленградска Река**, се наоѓа на јужната падина на Осогово северозападно од селото Зеленград и североисточно од Пробиштип.

**Зикова Лапа**, река во северниот дел на планината Кожуф југоисточно од раселеното село Копришница и Демир Капија, се влива во Копришка Река, а таа во Бошавица.

**Злетовска Река**, извира од планината Осогово, поминува низ Злетово и се влива во Брегалница. Во неа се вливаат повеќе помали реки од двете страни. Зафаќа сливно подрачје од 563,17 $km^2$.

**Злидовска Река**, се наоѓа во северниот дел на планината Баба кај превојот Ѓавато, се влива во Шемница северозападно од Битола.

**Зли Дол**, река на Илинска Планина. Се влива во Големоилинска Река.

**Злокуќанска Река,** се наоѓа на планината Баба, поминува низ селото Злокуќани.

**Зрза**, в. Блато.

**Зрновец,** река на планината Голак, западно од Делчево и се влива како лева притока во Брегалница.

**Зрновска Река**, извира на планината Плачковица, тече кон север поминува низ селото Зрновци и Кочанското Поле и се влива во Брегалница. Се користи за наводнување на оризовите насади во Кочанско Поле. Зафаќа сливно подрачје од 70,75 $km^2$. Во горниот тек се вика Уломија.

# Ѕ

**Ѕвегор,** река која извира на планината Влаина, поминува низ селото Ѕвегор и кај Делчево се влива во Брегалница. Должината на реката изнесува 8,5 km со просечен наклон од 7,05%. По долината се протега меѓународниот пат Делчево-Благоевград.



**Ѕвончица,** река на планината Стогово, западно од селото Гари и источно од Дебар.

# И

**Иванчишка Река**, извира во северниот дел на планината Стогово југозападно од Кичево, поминува покрај селото Иванчиште и се влива во изворишниот дел на Треска во Треска.

**Игришка Река**, извира на Скопска Црна Гора, северозападно од Куманово.

**Изворчица,** река во пределот на Азот меѓу планините Бабуна и Клепа југозападно од Велес. Кај селото Извор се влива во Бабуна. Во горниот тек се вика Црничка Река. Има сливно подрачје од 148,2 $km^2$.

**Илинска Река**, в.Болска Река.

**Исанџа,** река во јужниот дел на планината Плачковица, источно од селото Подареш и Радовиш, се влива во Смиланска Река, а таа во реката Плавија.

**Источка Река,** се наоѓа на источната падина на планината Исток западно од Ресен. Водата е каптирана и со водовод спроведена до селото Царев Двор.

# Ј

**Јабачки Дол**, се наоѓа на планината Кожуф североисточно од селото Конопиште и се влива во Бошавица.

**Јабланичка Река**, се наоѓа на планината Јабланица поминува низ селото Јабланица и се влива во Црн Дрим.

**Јабунска Река**, се наоѓа на источната падина на планината Баба, југозападно од селата Орехово, Буково и градот Битола, реката се разводнува низ полето.

**Јаворина,** мала река во северниот дел на планината Кожуф, западно од раселеното село Градец.

**Јаворска Река**, на Сува Гора, југозападно од Гостивар. Тече низ селото Форино и се влива во Вардар.

**Јадовска Река**, се наоѓа на планината Бистра, северно од селото Тресонче, јужно од Мавровското Езеро притока на Тресонечка Река. Зафаќа сливно подрачје од 34,22 $km^2$.

**Јаз,** в.Збошка Река.

**Јаз,** река на Сува Гора, источно од Гостивар, во атарот на село Волковија. Поминува низ Волковија и се влива во Вардар.

**Јазга Река**, се наоѓа на јужната падина на планината Огражден, североисточно од Струмица поминува низ селото Иловица и се разводнува низ Струшкото Поле. Зафаќа сливно подрачје од 50 $km^2$.

**Јазирска Река**, извира на Скопска Црна Гора, северно од Скопје, поминува низ селото Љуботен и се влива во Радишанска Река.

**Јамска Река**, в.Валавица.

**Јанинска Река**, се наоѓа на западната падина на планината Баба источно од Преспанското Езеро и селото Долно Дупени до границата со Грција.

**Јаришарни Поток**, помала река во северниот дел на планината Кожуф, југоисточно од раселеното село Копришница и градчето Демир Капија.

**Јасиребовец**, в.Копришка Река

**Јелешка Река**, се наоѓа во југоисточниот дел на Битолското Поле, западно од селото Бач и југоисточно од Битола, се влива во Црна Река. Зафаќа сливно подрачје од 876,8 $km^2$.

**Јеленска Река**, се наоѓа во крајниот северен дел на планината Огражден во пределот на Јеленски Рид, недалеку од границата со Бугарија, јужно од градот Пехчево и се влива во Циронска Река.

**Јеловечка Река**, се наоѓа на Шар Планина, поминува низ селото Горно Јеловце, западно од Гостивар и се влива во реката Маздрача. Зафаќа сливно подрачје од 48,75 $km^2$.



# К

**Кадиица**, река на планината Бабуна, североисточно од Прилеп, поминува низ селото Ореов Дол и е десна притока на реката Брезица.

**Кадина Река**, се наоѓа меѓу планините Китка и Голешница, јужно од Скопје. Извира под врвот Убава на Мокра Планина на 1900 м н.в. а во Вардар се влива во Таорската Клисура на 212 м.н.в. Таа е десна притока на Вардар долга 34 km со вкупна сливна површина од 184 $km^2$. Средната височина на сливот изнесува 1080 m. Нејзиниот вкупен пад изнесува 1688 m а просечниот пад е со вредност од 50 ‰.

**Казарик**, река на планината Кожуф југоисточно од селото Рожден, десна притока на Рожденска Река или Блаштица.

**Кајлак,** река на планината Беласица, поминува низ селото Дорломбос и Прстен, јужно од Струмица.

**Калица,** река меѓу Марјанската Планина и планита Кожуф, западно од селото Миравци и северозападно од Гевгелија, се влива во Стара Река (Кожуфска).

**Калиште,** река на планината Осогово, северозападно од селото Косевица и градчето Македонска Каменица.

**Калуѓерица**, река на северниот дел на планината Плачковица. Извира кај местото Ајдучка Чешма и се влива во горниот тек на Малешевска Река.

**Камена Река**, се наоѓа на Скопска Црна Гора, западно од селото Гошинце и северозападно од Куманово.

**Каменица**, река на висорамнината Витачево, десна притока на Црна Река. Зафаќа сливно подрачје од 57,5 $km^2$.

**Каменица**, река во пределот на Малеш, тече западно од селото Мачево и Берово и се влива во Брегалница. Должината на реката изнесува 7,1 km, а наклонот на коритото се движи меѓу 5-8%. Зафаќа сливно подрачје од 37,2 $km^2$.

**Каменица**, река на планината Осогово се влива во реката Брегалница североисточно од Кочани.

**Каменичка Река**, се наѓа на планината Осогово кај Македонска Каменица. Десна притока на Брегалница. Извира на 1100 м.н.в. под врвот Руен..Зафаќа сливно подрачје од 120,9 km². Во реката Каменица се вливаат сите реки и долови од околината и тоа Горештица од десната страна,а од левата страна се Свиња Река, Козја Река, Петрова Река, Поиште и Моштичка Река.

**Камењанска Река**, се наоѓа на Шар Планина, југозападно од Тетово поминува низ селото Камењане и се разводнува низ полето, а при висок водостој се влива во Вардар.

**Канзонска Река**, се наоѓа североисточно од Кичево, а тече низ селото Србица и се влива во Зајска Река.

**Капандрица**, река во крајниот југозападен дел на планината Бабуна кај селото Дабница, поминува низ Прилеп и се влива во Прилепска Река.

**Карабуништинска Река**, се наоѓа на Градиштанска Планина во Таорска Клисура северозападно од Велес. Течела низ раселеното село Карабуниште и се влива од десната страна во Вардар.

**Караташка Река,** се наоѓа во Овче Поле северно од Свети Николе, притока на Светиниколската Река. Зафаќа сливно подрачје од 84,8 km².

**Караманица**, река источно од Прилеп тече од кон Плетвар кон Прилепското Поле и се разводнува низ полето.

**Кравин Дол**, река на западната падина на планината Влаина, источно од с. Разловци јужно од Берово, десна притока на Брегалница.

**Катраница**, в. Дисанска Река

**Катунишка Река,** в. Боишка Река.

**Кечикајаси**, река во југоисточниот дел на планината Плачковица, источно од градот Радовиш тече со правец север-југ и во Радовишкото Поле се влива во Стара Река (Радовишка) под името Плавија. Зафаќа сливно подрачје од 82,5 km².

**Киселица,** река на планината Билино, северно од Делчево, тече низ селото Киселица и се влива од десната страна во Брегалница. Зафаќа сливно подрачје од 53,72 km².



**Киселичка Река**, се наоѓа на Осогово североисточно од Крива Паланка источно од селото Киселица и се влива од десната страна во Крива Река. Зафаќа сливно подрачје од 114,7 km².

**Кишавска Река,** се наоѓа на источната падина на планината Баба, јужно од Битола, поминува низ с. Кишава и се влива во Лазечка Река.

**Клепалска Река,** се формира под Македонско–Бугарската граница кај превојот Клепало на Малешевските Планини. Претставува постојан водотек. Се влива во Ратевското Езеро. Долга е 12,8 km, а средниот наклон на коритото изнесува 6-10 %.

**Клисурица**, река во североисточниот дел на планината Баба, притока на реката Драгор.

**Кључи Дол**, река на Скопска Црна Гора јужно од селото Танушевци и северно од Скопје.

**Кованска Река**, се наоѓа на планината Кожуф, поминува низ селото Кованци и западно од селото Негорци се разводнува низ полето. Зафаќа сливно подрачје од 58,25 km².

**Ковачица,** река на Мариовски Козјак, извира близу до границата со Грција под името Уруп, тече кон северозапад и се влива во Црна Река.

**Козјачка Река**, се наоѓа на планината Плачковица, поминува низ с. Козјак североисточно од Штип. Има сливно подрачје од 59,24 km².

**Козја Река,** ја сочинуваат повеќе извори над високо-планинските пасишта на границата со Република Бугарија, јужно од врвот Руен на Осоговски Планини. Има должина од 4,2 km и кај рудникот„Саса" се влева во реката Каменица.

**Којковска Река**, се наоѓа на планината Кожуф притока на реката Бошавица, тече близу селото Конопиште југозападно од Демир Капија.

**Кокречка Река**, се наоѓа на планината Дрен југоисточно од Прилеп, поминува низ селото Кокре и се влива во Црна Река.

**Коњска Река**, извира на планината Кожуф близу до границата со Грција со името Цреша, тече запад-исток, западно од селото Коњско кон Гевгелиското Поле и се влива во Вардар. Зафаќа сливно подрачје од 87,55 km².

**Коњарска Река**, се наоѓа на планината Ниџе, во пределот на Мариово, десна притока на Црна Река. Зафаќа сливно подрачје од 61,3 km$^2$.

**Коњарска Река**, се наоѓа северно од градот Куманово, поминува низ селото Табановце и се влива во Кумановска Река. Зафаќа сливно подрачје од 151,59 km$^2$.

**Копришка Река**, се наоѓа во северниот дел на планината Кожуф, поминува низ раселеното село Копришница јужно од Демир Капија и се влива во Бошавица. Во горниот тек се вика Јасиребовец.

**Корешевац**, река на Конечка Планина, северозападно од Струмица, се влива во горниот тек во реката Крива Лакавица.

**Корнева Река**, се наоѓа југоисточно од Скопје, поминува кај селото Студеничани и се разводнува низ полето.

**Коселска Река**, се наоѓа меѓу планините Исток и Плакенска Планина. Тече напоредно со патот Ресен-Охрид, поминува низ селата Опејнца, Косел и Лескоец. Се влива во Охридско Езеро. Во горниот тек се вика Опејничка, па Коселска и Даљан. Зафаќа слив од 195,35 km$^2$.

**Косовска Река**, се наоѓа на Селечка Планина, северозападно од селото Чаниште и југоисточно од Прилеп, се влива во Црна Река. Зафаќа сливно подрачје од 42,7 km$^2$.

**Косреш**, помала река во вид на поток на Шар Планина, североисточно од Тетово со извор под селото Јелошник. Тече меѓу селото Глоѓи и Доброште и се разводнува во полето.

**Кота**, река која се наоѓа на источната падина на планината Кожуф, блиску до границата со Грција западно од Гевгелија.

**Котуртско**, река во крајниот југ на Тиквешката Сува Планина, јужно од раселеното село Праведник и југозападно од Кавадарци, лева притока на Црна Река.

**Кочанска Река**, извира на јужните падини на планината Осогово, поминува низ Кочани и се влива во Брегалница. Се користи за наводнување на оризовите полиња. Зафаќа сливно подрачје од 114,42 km$^2$.



**Кочански Дол,** река на јужните падини на Осогово, се влива во Оризарска Река кај селото Долно Оризари, источно од Кочани.

**Кочишка Река**, се наоѓа во Дебарска Жупа на западните падини на планината Стогово, поминува покрај раселеното село Кочиште и Брештани и се влива во Црн Дрим.

**Кочунска Река,** се наоѓа на источната падина на Караорман, поточно на Славеј Планина, поминува низ местото Кочун јужно од селото Црвена Вода во Дебарца и се влива во реката Сатеска.

**Коџа Дере,** река на западниот дел од планината Плачковица во пределот на Јуруклук, источно од Штип, лева притока на Брегалница.

**Коџа Дере**, река на јужната падина на Плачковица, североисточно од Радовиш, притока на Ораховачка Река, а пак Ораховачка Река е притока на Пладнишка Река која се влива во Стара Река (Радовишка).

**Коџаџичка Река**, се наоѓа на југозападната падина на Стогово, поминува јужно од селото Коџаџик и југоисточно од Дебар се влива во Дебарското Езеро.

**Коџегел Дереси**, река во обласа на Јуруклук северозападно од Радовиш, поминува низ селото Кошево и кај Штип од левата страна се влива во Брегалница.

**Кошарски Поток**, се наоѓа североисточно од с. Лесново и Пробиштип притока на Злетовска Река.

**Коштал Јарак**, река на Градиштанска Планина, западно од с. Горобинци и Свети Николе.

**Крадешка Река**, се наоѓа во Битолското Поле, југоисточно од Битола поминува низ селото Оптичари и се влива во Црна Река.

**Кранска Река**, се наоѓа на планината Баба. Поминува низ селото Крани Се влива во Преспанското Езеро. Зафаќа сливно подрачје од 12,8 km$^2$.

**Крапа**, в. Оча

**Кратовска Река,** се наоѓа во западниот дел на планинта Осогово, поминува низ Кратово и од левата страна се влива во Крива Река. Зафаќа сливно подрачје од 67,1 km$^2$.

**Криводолска Река,** се наоѓа во Овче Поле на возвишението Богословец поминува низ селото Криви Дол и западно од селото Сушево, се влива во Брегалница.

**Крив Дол**, река во пределот на Јуруклук, јужно од Штип. Се влива од десната страна во реката Крива Лакавица.

**Крива Кобила**, река на планината Баба североисточно од селото Брајчино и југоисточно од Ресен се влива во Брајчинска Река.

**Крива Лакавица**, река во источна Македонија меѓу планините Смрдеш и Конечка Планина, тече од југоисток кон северозапад и се влива во Брегалница. На неа е изградено вештачкото езеро Мантово. Зафаќа сливно подрачје од 417,49 km$^2$.

**Крива Река (Кожуфска)**, в. Стара Река (Милеткова).

**Крива Река,** се наоѓа во североисточниот дел на Р. Македонија. Се формира од повеќе потоци на планината Осогово, што се под Царев Врв (2084) на 1880 м.н.в., поминува низ Крива Паланка и пределот Славиште, а во Пчиња се влива кај с. Клечевце на 295 м.н.в. Должината на Крива Река изнесува 85 km, вкупниот пад е 1585 m, додека просечниот 18,6 ‰ . Вкупната пак сливна површина изнесува 1.007 km$^2$. Поголеми леви притоки на Крива Река се: Дурачка Река, Кратовска Река и Повишница, а поголеми десни притоки се: Киселичка Река, Ранковачка Река, Ветуничка Река, Руѓинска Река и Живуша.

**Крклањска Река**, се наоѓа на Осогово притока на Крива Река.

**Крнач**, река во југоисточниот дел на Струмичкото Поле. Извира на Беласица поминува низ с. Мокриево и се влива во реката Струмица.

**Крушевица,** река на Селечка Планина југоисточно од Прилеп поминува источно од селото Крушевица и с. Чаниште и се влива во Црна Река.

**Крушевичка Река**, извира во јужниот дел на планината Клепа поминува низ селото Крушевица и јужно од селото Росоман се влива од левата страна во Црна Река.

**Крушка**, река на планината Мариовски Козјак во пределот на Мариово, јужно од с. Рожден и се влива во Блаштица.

**Кузманица,** в. Лебница.



**Кула**, река на Градешка Планина северно од селото Градец и североисточно од Демир Капија, се влива во Градечка Река.

**Кумановска Река**, десна притока на Пчиња тече во правец север-југ и поминува низ Куманово и кај селото Доброшане се влива во Крива Река. Зафаќа сливно подрачје од 481,9 km$^2$.

**Курјачка Река**, в. Луда Мара

**Куру Дере**, река во средишниот дел на планината Плачковица, источно од селото Вртешка и Штип се влива во Коџа Дере, а таа во Брегалница.

**Куру Дере**, в. Суви Поток

**Кучешка Река**, се наоѓа на планината Осогово, северно од селото Кнежево и се влива во Кратовска Река.

**Кушев Дол,** река на планината Влаина, десна притока на Панчаревска Река.

**Кушница,** в. Малоилинска Река.

# Л

**Лабунишка Река**, се наоѓа на планината Јабланица, поминува низ селата Лабуниште и Јабланица и се влива во Црн Дрим. Зафаќа сливно подрачје од 29,70 km$^2$.

**Лазарополска Река**, се наоѓа на планината Бистра поминува низ селото Лазарополе и се влива во Мала Река (Мијачка).

**Лазечка Река**, се наоѓа во јужниот дел на Битолското Поле, тече од југозапад кон југоисток, односно од селото Лажец кон селото Горно Егри и се влива во Црна Река.

**Лак Поток**, в. Езерска Река.

**Лакавица,** река која се наоѓа меѓу планините Буковиќ, Сува Гора и Челоица, јужно од Гостивар поминува низ селото Лакавица и кај Гостивар се влива во Вардар. Зафаќа сливно подрачје од 220 km$^2$.

**Лаки**, река во северниот дел на планината Плачковица, поминува низ селото Лаки југоисточно од Виница и се влива во Малешевска Река.

**Ламиште,** мала река на планината Скопска Црна Гора, североисточно од селото Булачане и градот Скопје, се разводнува и нема завршеток.

**Латишница**, река источно од Кратово, притока на Кратовска Река.

**Лебница**, гранична река меѓу Малешевските Планини и планината Огражден, изворот се наоѓа североисточно од Струмица, горниот тек се наоѓа во Р. Македонија, а средниот и долниот тек во Бугарија. Се влива од десната страна во Струма под името Кузманица. Зафаќа сливно подрачје од 34 km$^2$.

**Лева Река (Голакова)**, се наоѓа во југозападниот дел на планината Голак, источно од селото Пеќљани и градот Виница, десна притока на Пеќљанска Река.

**Лева Река (Плачковичка)**, се наоѓа во југоисточниот дел на планината Плачковица североисточно од селото Смиланци и градот Радовиш, лева притока на Смиланска Река.

**Лева Река (Преспанска)**, се наоѓа меѓу планините Бигла и Плакенска Планина, десно од патот Ресен-Охрид. Тече низ селото Лева Река и се разводнува во Преспанската Котлина.

**Левачка Река**, се наоѓа на источните падини на Плакенска Планина, кај селото Слоештица, западно од Демир Хисар. Се влива во Слоештичка Река.

**Лениште**, река на планината Клепа, западно од селото Крајници и јужно од Велес.

**Лениште**, река на планината Јабланица во пределот на Дримкол, поминува низ селото Модрич и се влива во Црн Дрим.

**Лепенец,** река која извира во Косово ја дели Шар Планина од Скопска Црна Гора. Извира од северната страна на Шар Планина (Косово) на кота од 1860 м.н.в. а кај с.Злокуќани се влива во Вардар на кота од 253 m. Вкупната должина на Лепенец изнесува 75 km, а големината на сливот е 770 km$^2$. Зафаќа сливно подрачје од 857,52 km$^2$.



**Лесков Дол,** река на планината Влаина, десна притока на Панчаревска Река.

**Лескова Вода**, река која се наоѓа на планината Буковиќ, североисточно од селото Тајмиште и северозападно од Кичево.

**Лесковачка Река**, се наоѓа на планината Плачковица, западно од раселеното село Ново Село, се влива во Сирава Река, а Сирава Река во реката Плавија, а Плавија во Страра Река (Радовишка).

**Лесковица,** река во северниот дел на Градешка Планина, источно од селото Konче и јужно од Радовиш, тече кон реката Крива Лакавица

**Летница,** река во западниот дел на планината Исток, источно од селото Рамне и источно од Охрид, се влива во Охридско Езеро. Зафаќа сливно подрачје од 38,82 km$^2$.

**Лешница**, река на планината Ниџе во пределот Мариово, поминува низ селото Будимирци и со реката Трновчица се формира реката Бела Река (Ниџева) која се влива во Црна Река

**Лешничка Река,** се наоѓа на планината Герман, кај селото Огут, северозападно од Крива Паланка.

**Лешочка Река**, се наоѓа североисточно од Тетово, во атарот на с. Лешок, извира на Шар Планина, поминува низ селото Лешок и Слатина. За време на висок водостој се влива во Вардар, повремено се разводнува низ Лешочко и Слатинско Поле

**Липковска Река**, извира на Скопска Црна Гора, западно од Куманово, поминува низ селото Липково и се влива во Кумановска Река. Зафаќа сливно подрачје од 187,22 km$^2$.

**Лисачка Река**, извира на планината Кожуф, поминува низ местото Лисец, што се наоѓа меѓу висорамнината Витачево и Кожуф, во средниот и долниот тек се вика Бошавица

**Лисичка Река**, се наоѓа меѓу Селечка Планина и планината Дрен, југоисточно од Прилеп се влива во Црна Река

**Лишкова Река**, се наоѓа меѓу Градешка и Конечка Планина, источно од Демир Капија, лева притока на Вардар

**Лози**, река во северозападниот дел на Прилепско Поле, во пределот на местото Лози, јужно од селото Лажани а североисточно од Крушево

**Лозјанска Река**, се наоѓа на планината Осогово, источно од селото Трипатинци, јужно од Пробиштип, лева притока на Злетовска Река.

**Ломин Поток**, река на планината Мариовски Козјак, во областа Мариово, до границата со Грција, југозападно од местото Добро Поле, тече кон Црна Река во која ѝ се влива.

**Ломница**, река на Беласица, тече кон Струмичкото Поле, со долниот тек е на Бугарска територија.

**Лопатичка Река,** се наоѓа во северниот дел на Селечка Планина, југоисточно од Прилеп, поминува низ атарот на село Лопатица и се разводнува низ Подмолското Поле.

**Лопенска Река**, се наоѓа на Осогово, кај селото Полаки, северно од Кочани, притока на Велика Река (Осоговска), а Велика Река се влива во Брегалница.

**Лопушник,** се наоѓа на планината Крчин и се влива во реката Радика

**Лошана,** извира од Бун Чешма на 1430 м.н.в. на планината Голак. Се влива во реката Брегалница.

**Луда Мара**, река во областа на Тиквеш, десна притока на Вардар, се споменува и како Ваташка и Курјачка Река. Зафаќа сливно подрачје од 140,47 km$^2$.

**Лука**, река југоисточно од Куманово во пределот на Лука, северно од селото Градиште, покрај патот Куманово-Свети Николе. Лева притока на Крива Река. Зафаќа сливно подрачје од 76,4 km$^2$.

**Лукарска Река**, се наоѓа на планината Кожуф, југоисточно од селото Конопиште и јужно од Демир Капија, се влива во реката Бошава

**Луковичка Река**, се наоѓа источно од Каменица, поминува низ селото Луковица и се влива во езерото Калиманци. Извира на Осоговските Планини на 1510 m.н.в. Должината изнесува 8,0 km.. Има просечен наклон од 6,5 промили. Преставува постојан водотек. Зафаќа сливно подрачје од 20,6 km$^2$.



**Луковичка Река**, се наоѓа на планината Јабланица. Поминува низ селото Луково и се влива во Црн Дрим.

**Лучка Река**, се наоѓа на планината Билино, северно од Крива Паланка, кај селото Луке, јужно од граничното тромеѓе меѓу Р. Македонија, Србија и Бугарија

## Љ

**Љуботенска Река**, извира на Шар Планина, на јужната падина под врвот Љуботен, североисточно од село Вратница и градот Тетово, лева притока на Вардар, позната е и како Вратничка Река и Ракита. Зафаќа сливно подрачје од 30,51 km$^2$.

**Љуга Рогопече**, река на планината Кораб, десна притока на Радика, јужно од селото Рибница.

**Љутачка Река,** извира на граница меѓу Република Македонија и Република Бугарија, северно од Требомирска Чука. Има наклони од над 20°.До спојот со Ж'тачка Река е долга околу 4,0 km. Страните на оваа река се многу стрмни. Преставува постојан водотек.

**Љут Дол**, река во јужниот дел на планината Плачковица, источно од селото Смиланци, североисточно од Радовиш, се влива во Смиланкса Река

**Љутица**, река во западниот дел на Градешка Планина, се влива во реката Водесир, јужно од селото Конче и југозападно од Радовиш

## М

**Мавровица**, река во Овче Поле, во пределот Мавровица североисточно од Свети Николе, а се влива во Светиниколска Река. Зафаќа сливно подрачје од 64,45 km$^2$.

**Мавровска Река**, некогаш лева притока на Радика, денес се влива во Мавровско Езеро. Низводно од акумулацијата зафаќа сливно подрачје од 54,5 km$^2$.

**Маденска Река**, се наоѓа западно од Радовиш, тече покрај патот Штип-Радовиш и се влива во реката Крива Лакавица. Зафаќа сливно подрачје од 65,35 km$^2$.

**Маздрача**, река во Горни Полог, извира на Шар Планина, поминува низ селото Неготино и се влива во Вардар кај селото Волковија. Зафаќа сливно подрачје од 89 km$^2$.

**Макреш**, река во југоисточниот дел на планината Смрдеш, западно од с. Папавница и јужно од Радовиш. Се влива во горниот тек на реката Крива Лакавица.

**Мала Река,** се наоѓа на Мокра Планина. Се влива од левата страна во реката Тополка.

**Мала Река (Пелистерска)**, се наоѓа на планината Баба, североисточно од селото Братин Дол и севетозападно од Битола. Се влива во реката Драгор како лева притока.

**Мала Река (Осоговска)**, се наоѓа во јужниот дел на планината Осогово, северно од Кочани, една од реките што ја создаваат Кочанска Река.

**Мала Река (Огражденска)**, се наоѓа на планината Огражден, до границата со Бугарија, десна притока на реката Лебница

**Мала Река (Мијачка)**, се наоѓа источно од Дебар. Се формира од повеќе потоци што извираат на планините Бистра и Стогово. Се влива од десна страна во реката Радика. Мала Река со Горна Река ја прават границата меѓу планините Бистра и Стогово. Зафаќа сливно подрачје од 197 km$^2$.

**Мала Река (Коларска)**, се наоѓа на планината Бистра, западно од селото Колари и северозападно од Кичево, лева притока на Зајаска Река.

**Мала Река (Голешничка)**, се наоѓа на планината Голешница и се влива во Кадина Река, источно од селото Алдинци.



**Мала Река (Песјачка)**, се наоѓа на планината Песјак, северно од Брод, поминува низ селото Грешница и се влива во Треска кај селото Девич

**Мала  Река (Поречка)**, се наоѓа на планината Челоица, во пределот на Порече, поминува покрај селата Самоков, Могилец, Калуѓерец и други. Во горниот тек се вика Црнешница

**Мала Река (Лојанска)**, се наоѓа на Скопска Црна Гора, северозападно од Куманово, поминува низ село Лојане. Има слив од 65,9 km$^2$.

**Мала Река (Козјачка)**, се наоѓа на планината Кумановски Козјак, североисточно од Куманово, лева притока на Пчиња

**Малешевска Река,** се наоѓа во Источна Македонија, во пределот на Малеш, меѓу планините Плачковица и Обозна, се влива во реката Осојница, а Осојница во Брегалница. Во нејзината долина се наоѓа патот Виница-Берово

**Мала Река (Ниџева)**, в. Трновчица

**Маловишка Река**, в. Шемница.

**Малоилинска Река,** се наоѓа во североисточниот дел на Плакенска Планина. Настанува со спојување на реките Чавдарица, Јабланица, реката Мирча, поминува низ селото Мало Илино и северозападно од Демир Хисар се влива во Црна Река. Го носи и името Кушница.

**Манастирска Река,** извира од месноста Камберица, во близина на с.Бирино, Крушевско. Во Црна Река се влива од левата страна меѓу селата Света и Бучин. Долга е 8,5 km.

**Марица,** река на североисточната падина на Илинака (Петринска) Планина, тече кон Преспанската Котлина, поминува низ селото Илино и се влива во Големоилинска Река

**Маркова Река (Беласичка)**, се наоѓа на северозападната падина на планината Беласица, поминува низ селото Раборци, јужно од градот Струмица

**Маркова Река (Скопска)**, се наоѓа во пределот на Торбешија и планината Китка, јужно од Скопје, поминува низ селото Маркова Сушица и покрај Марковиот Манастир Св. Димитрија се влива во Вардар. Зафаќа сливно подрачје од 360,4 km$^2$.

**Марулска Река,** се наоѓа во крајниот југозападен дел на планината Дрен, јужно од градот Прилеп, поминува низ селото Марул и се губи во Прилепското Поле

**Масалница**, се наоѓа на Осогово, се соединува со Кочанска Река и се влива во Брегалница

**Матица,** река на планината Јабланица, поминува низ селото Вевчани и се влива во Црн Дрим. Се среќава и со името Голема. Зафаќа сливно подрачје од 20,90 km².

**Матица**, река во јужниот дел на областа Дебарца, поминува низ селото Белчишта и се влива во реката Сатеска. Зафаќа сливно подрачје од 122,85 km².

**Мекелија,** река на западната падина на планината Бигла, западно од селото Златари, се влива во Чешинска Река

**Меле Река,** се наоѓа во пределот на Торбешија, јужно од селото Драчевица и Скопје.

**Мелничка Река,** се наоѓа на Мокра Планина, поминува низ селото Мелница и од десната страна се влива во реката Тополка.

**Мељадин,** река на Шар Планина, северно од селото Горно Јеловце и западно од Гостивар.

**Менгулова Река**, се наоѓа на Шар Планина, поминува низ селото Врапчиште северозападно од Гостивар

**Метежевска Река**, се наоѓа на планината Герман, северозападно од Крива Паланка, а поминува низ селото Метежево

**Метлушница**, река во северниот дел на планината Орлак, југозападно од селото Трновце и јужно од Битола, се влива во реката Драгор

**Млечанска Река,** извира западно од врвот Ченгино Кале на 1745 м.н.в. Има должина од околу 3,5 km до спојката со Средњачка Река, Ж'тачка Река. Вода има во текот на цела година.

**Модра Река,** се наоѓа на планината Осогово, источно од Кратово, лева притока на Злетовска Река, се среќава и со името Зајличка Река



**Можднвњачка Река**, се наоѓа на планината Осогово, југоисточно од Крива Паланка, поминува низ селото Можднвњак и се влива во Крива Река

**Макреш,** река на Плакенска Планина, лево од патот Охрид-Ресен, поминува низ селото Речица

**Моранска Река**, се наоѓа во пределот на Торбешијата, југоисточно од Скопје, поминува низ селото Моране и се влива во Вардар

**Мородвишка Река**, се наоѓа на северната падина од планината Плачковица, јужно од Кочани, поминува низ селото Мородвис и се разводнува низ Кочанското Поле

**Мочарска Река**, се наоѓа северозападно од Битола, во источниот дел на Цапарско Поле, северно од селото Магарево, десна притока на Драгор

**Моштаница**, река на планината Осогово, југозападно од Крива Паланка, источно од селото Можднвњак и се влива во Крива Река

**Моштичка Река**, се наоѓа на планината Осогово, близу до границата со Бугарија и се влива во Каменичка Река. Се формира од реките Селска Река и Влаинска Река, под селото Моштица и низводно од составот го носи името Моштичка река.Должината на реката изнесува околу 7,5 km со тоа што има големо сливно подрачје.

**Мраморечка Река,** се наоѓа на западната падина на Илинска Планина, во пределот на Горна Дебарца. Поминува низ селото Мраморец и се влива во реката Сатеска.

**Мреношка река**, се наоѓа на планината Бигла и е десна притока на Боишка Река.

**Мрежичка Река**, се наоѓа во северниот дел на планината Кожуф, југозападно од градчето Демир Капија, поминува низ селото Мрежичко и се влива во реката Блаштица. Во изворишниот дел се вика Горна Мрежичка Река.

**Мртвачка Река**, се наоѓа меѓу Битолско и Прилепско Поле, источно од селото Тополчани и југозападно од Прилеп. Се влива во Црна Река

**Мртвица,** мала река во источниот дел на планината Орлак, северно од Битола, поминува низ селото Вашарејца и се разводнува низ Прилепско Поле.

**Мршка Река**, се наоѓа на планината Кожуф, во месноста Мрша, северозападно од селото Коњско и Гевгелија и се влива во реката Дошница.

**Мукоска Река**, се наоѓа на планината Бабуна, во месноста Мукос, десно од стариот пат Велес-Прилеп, северно од селото Присад.

**Мушковска Река**, се наоѓа источно од Кратово, поминува низ селото Мушково и се влива во Злетовска Река

# Н

**Нежилова Река**, се наоѓа на Орешка Планина, поминува низ селото Нежилово и се влива во реката Бабуна.

**Непроштенска Река**, извира на Шар Планина, во атарот на селото Непроштено североисточно од Тетово, тече низ селото Непроштено и се разводнува низ полето.

**Негревска Река,** извира под Орлов Камен на 1.729 m н.в. на планината Влаина. Поминува низ селото Негрево. Има стрмно и каменливо корито со пороен карактер. Се влива во Пехчевска Река. Долга е 8,7 km. Преставува постојан водотек.

**Нивичинска Река**, се наоѓа североисточно од Струмица, во атарот на раселеното село Нивичино, извира на планинското тромеѓе меѓу Плачковица, Малешевските Планини и Огражден. Се влива во Стара Река (Радовишка), а таа во реката Струмица.

**Нисарна Река**, се наоѓа на планината Кожуф, североисточно од селото Конопиште, се влива во Бохулска Река, а пак Бохулска Река во реката Бошавица.

**Нистровска Река**, в. Длабока Река



**Ништаица**, река на планината Кожуф, источно од селото Конопиште, а јужно од градчето Демир Капија.

**Нова Масалница**, река во Кочанско Поле, јужно од Кочани. Со водите се наводнуваат оризовите насади.

**Нова Река**, се наоѓа во јужниот дел на Струмичкото Поле, северно од селото Банско и југоисточно од градот Струмица, се надоврзува на Моноспитовскиот Канал.

# Њ

**Њива Вода**, река на планината Буковиќ, северно од Кичево и западно од селото Бериково.

# О

**Обедничица,** се наоѓа меѓу планините Бигла и Орман. Реката ја формираат Смилевска 4,4 km и Стара Смилевска Reка 3,8km. Извираат на 1460 м.н.в. Водите од овие две реки се вливаат една во друга под с. Смилево и ја создаваат реката Обедничица, која поминува низ селата Обедник и Граиште и на 624 м.н.в. се влива од десната страна во Црна Река. Нејзината должина изнесува 19 km, зафаќа површина од 87 $km^2$ и има релативен пад од 37,7 ‰. Од левата страна ги прима Длабок Дол и Сува Река, а од десна страна е Суводолска Река. Долга е 7,6 km. и на овој водотек се направени хидроакумулациите, Суводол 1 и Суводол 2.

**Одренска Река,** се наоѓа во северозападниот дел на планината Осогово и градот Кратово, меѓу селата Опила и Одрено и се влива во Крива Река

**Одринска Река,** се наоѓа на Шар Планина, североисточно од Тетово. Поминува низ селато Одри и се разводнува низ полето

**Олишани**, река во источниот дел на планината Голак, југозападно од селото Траб忝тивиште, јужно од градот Делчево, се влива од левата страна во Брегалница

**Опејничка Река**, в. Коселска Река

**Ораовичка Река**, се наоѓа на јужната падина на планината Плачковица, источно од градот Радовиш, близу селото Ораовица во Радовишкото Поле. Се влива во Пладнишка Река, а таа во Стара Река (Радовишка).

**Орејавица,** река на планината Кожуф, југоисточно од раселеното село Драдња и јужно од градчето Демир Капија, се влива во Драдњанска Река, а Драдњанска Река во реката Дошница и потоа во р. Бошавица.

**Ореш,** река на северната падина на планината Беласица, југоисточно од градот Струмица, поминува низ селото Свидовица и се губи во Струмичко Поле

**Орешка Река**, се наоѓа на Орешка Планина (Даутица), западно од Велес, поминува низ селото Ореше и се влива во реката Бабуна од десната страна. Зафаќа сливно подрачје од 26,67 km$^2$.

**Оризарска Река**, извира на јужните падини на Осогово, поминува низ селото Горно и Долно Оризари и се влива во Брегалница. Се користи за наводнување на оризовите полиња во Кочанското Поле. Зафаќа сливно подрачје од 160,02 km$^2$.

**Орлева Река**, се наоѓа во Овче Поле, североисточно од селото Горобинци и северно од Свети Николе, се влива во Светиниколска Река

**Орлинска Река**, се наоѓа на западната падина на Селечка Планина, североисточно од Битола, поминува низ селата Орле, Маково и се влива во Црна Река. Зафаќа сливно подрачје од 48 km$^2$.

**Орлица**, река на планината Манговица, североисточно од Свети Николе, поминува низ селото Орел и се влива во Светиниколска Река.

**Ортабрачка Река**, се наоѓа на планината Плачковица, североисточно од Радовиш, создавајќи се од неколку рекички, тече кон југ и се влива во Стара Река (Радовишка).

**Осој**, в. Трсинска Река

**Осојница**, река на западната падина на планината Голак, северно од Виница, лева притока на Брегалница. Зафаќа сливно подрачје од 318,42 km$^2$.



**Осојска Река**, се наоѓа на планината Стогово, лево од Мала Река и источно од Дебар, поминува низ селото Осој и се влива во Мала Река (Мијачка).

**Острилечка Река,** в. Журешница.

**Остречка Река**, се наоѓа на планината Баба, поминува низ селото Острец.

**Отиња**, река која се наоѓа во пределот на Јуруклук, поминува низ Штип и се влива во Брегалница. Зафаќа сливно подрачје од 51,70 km$^2$.

**Отлоичка Река,** се наоѓа во јужниот дел на Плакенска Планина. Долга е 2,6 км. Заедно со Дедоичка Река ја формираат Вировска Река.

**Оча**, река во западниот дел на планината Караџица, во средниот тек тоне (понира) и кај селото Здуње се влива во реката Треска. Во горниот тек го носи името Крапа. Зафаќа сливно подрачје од 81,6 km$^2$.

**Очипалска Река,** се наоѓа во пределот на Пијанец, поминува низ селото Очипала и како десна притока се влива во Брегалница. Во горниот тек е позната како Селничка Река, а во долниот дел како Очипалска Река. Должината од изворот до вливот во реката Брегалница изнесува 11,4 km. Зафаќа сливно подрачје од 32,2 km$^2$. Вода има преку целата година

# П

**Падалишка Река**, се наоѓа на планината Буковиќ, југоисточно од Гостивар, поминува покрај селото Падалиште и се влива во реката Лакавица.

**Палчишка Река**, се наоѓа на Шар Планина, поминува низ селото Палчиште и се разводнува низ селото.

**Паничарска Река**, се наоѓа на планината Каршијак, лево од патот Скопје – Тетово. Поминува низ селото Паничаре и се влива во повремената Сува Река.

**Панчаревска Река**, се наоѓа на планината Влаина. Изворите се под врвот Туторвица на 1423 м.н.в. До селото Панчарево е со имињата

Селска Река и Прави Андак. Од селото Панчарево до вливот во Брегалница се вика Панчаревска Река. Од десната страна во неа се вливаат Дренов Дол, Лесков Дол, Кушев Дол и долот викан Долга Чешма, а од левата страна се влива Десни Дол.

**Паспалџи**, река на западната падина на планината Беласица, источно од градчето Валандово и селото Кочули. Се влива во Анска Река.

**Патевачка Река**, се наоѓа на планината Песјак, поминува низ селото Патеец североисточно од Кичево.

**Патишка Река**, се наоѓа на Скопска Сува Планина, јужно од Скопје, поминува низ селото Патишка Река и се влива во Маркова Река. Зафаќа сливно подрачје од 197,4 km$^2$.

**П' гавица**, река на југозападната падина на Конечка Планина, поминува низ селото Иберли и кај градот Демир Капија се влива во Вардар. Зафаќа сливно подрачје од 34,15 km$^2$.

**Пекљанска Река**, се наоѓа во западниот дел на планината Голак, југоисточно од Виница поминува низ селото Пекљани и се влива во Малешевска Река. Зафаќа сливно подрачје од 29 km$^2$.

**Пена,** река што извира на Шар Планина, северозападно од Тетово, поминува низ Тетово и се влива во Вардар кај селата Сараќино и Желино. Зафаќа сливно подрачје од 191,6 km$^2$.

**Пепелишка Река**, извира на Конечка Планина, североисточно од Неготино, поминува низ селото Пепелиште и кај селото Криволак се влива во Вардар. Зафаќа сливно подрачје од 84,2 km$^2$.

**Песок Река**, в. Белица Река (Кожувска).

**Песочанска Река**, се наоѓа на источната падина на планината Караорман во пределот на Горна Дебарца, поминува низ раселеното село Радомирово до тука се вика Радомировска Река. Кај селото Песочани се влива во Сатеска како Песочанска Река. Зафаќа сливно подрачје од 53,35 km$^2$.

**Пехчевска Река,** изворот на оваа река се наоѓа во местото викано Кадин Бунар под врвот Кадиица. Од изворот до вливот во Брегалница водотекот е долк 12,8 km. Преставува постојан водотек..



**Петилепска Река,** се наоѓа на планината Бистра, југоисточно од Мавровското Езеро, поминува низ селото Никифорово и се влива во Мавровското Езеро.

**Петрова Река,** се наоѓа на планината Осогово и од левата страна се влива во Каменица.

**Петрова Река**, се наоѓа на планината Челоица, поминува покрај селата Горно Лупште и Зркле и се влива во Мала Река (Поречка).

**Петрова Река**, се наоѓа на планината Кожуф, северозападно од Гевгелија, поминува низ селото Петрово и се влива во Стара Река (Кожуфска).

**Петрошница**, река во пределот на Средорек, источно од Куманово и се влива во Пчиња.

**Петрушевац,** река во источниот дел на планината Голак, јужно од Делчево и се влива од левата страна во Брегалница. Должината на оваа река изнесува 9,2 km. Падот на реката е 10-25%.

**Пештерица**, река на југозападната падина на планината Бабуна тече кон Прилеп и Прилепско Поле, западно од селото Ореовец.

**Пештерска Река**, се наоѓа на планината Голешница и јужно од селото Палиград се влива во Кадина Река од десната страна.

**Песочанска Река**, в. Радомировска Река.

**Пијавица**, река на планината Влаина, југоисточно од Делчево, десна притока на Брегалница. Зафаќа сливно подрачје од 23,2 km$^2$.

**Пискупска Река,** се наоѓа на источната падина на планината Јабланица во пределот на Дримкол, поминува низ селото Пискупштина и се влива во Црн Дрим, северно од Струга. Зафаќа сливно подрачје од 53,38 km$^2$.

**Писокалска Река**, се наоѓа меѓу планините Дрен и Селечка Планина, поминува низ селото Бонче и раселеното село Писокал кои се јужно од Прилеп.

**Плавија**, река во југоисточниот дел на планината Плачковица и источно од Радовиш, тече од север кон југ и во Радовишкото Поле се влива во

Стара Река (Радовишка). Во горниот тек се вика Кечикајаси. Зафаќа сливно подрачје од 155,1 km$^2$.

**Пладнишка Река**, се наоѓа на југоисточната падина на планината Плачковица, поминува низ Радовишкото Поле и се влива во Стара Река (Радовишка) јужно од селото Ораовица кое се наоѓа југоисточно од Радивиш.

**Пласничка Река**, се наоѓа во северозападниот дел на Бушева Планина, југоисточно од градчето Брод, поминува низ селото Пласница и се влива во Треска.

**Плита,** река на Осогово, заедно со Вратиславска Река и Бесни Дол ја создаваат реката Рибница (Осоговска).

**Плитка Река**, се наоѓа во северозападниот дел на планината Баба, северно од селото Крани и југоисточно од Ресен.

**Плоч,** река на планината Беласица, поминува низ селото Борисово, југоисточно од градот Струмица и се разводнува низ Струмичкото Поле.

**Плочка**, река на планината Осогово, јужно од Крива Паланка, притока на Злетовска Река.

**Повишница,** река на планината Осогово, западно од Кратово меѓу селата Топаловиќ и Филиповци и се влива во Крива Река. Зафаќа сливно подрачје од 68 km$^2$.

**Поганска Река**, се наоѓа јужно од градчето Валандово, во месноста на Погана и се разводнува низ полето.

**Подмолска Река**, повремена река во Битолското и Прилепското Поле, јужно од Прилеп, поминува низ селото Подмол и се разводнува низ полето. Зафаќа сливно подрачје од 35,55 km$^2$.

**Поиште,** река на планината Осогово. Се влива од левата страна во реката Каменица.

**Појасен Канал**, канализирана река во Струмичко Поле северно од селото Колешино и источно од Струмица

**Поленица,** река во пределот на Малеш, западно од Берово, поминува меѓу селото Русиново и Ратево и се влива во Брегалница.



**Полчишка Река,** се наоѓа на планината Мариовски Козјак, поминува низ селото Полчиште и се влива во Црна Река.

**Поника**, река на Шар Планина во атарот на селото Доброште, североисточно од градот Тетово, поминува низ селото Доброште и се разводнува низ полето.

**Попов Дол**, река на планината Клепа, западно од селата Подлес и Градско, со другите помали реки ја создаваат Крушевичка Река која се влива во Црна Река.

**Попов Дол,** река на Илинска Планина, која кај селото Големо Илино се соединува со Вучји Дол и ја формираат Големоилинска Река.

**Поповица,** река во пределот на Малеш, западно од селото Владимирово и Берово, се влива во Брегалница. Зафаќа сливно подрачје од 19,8 km$^2$.

**Поповјанска Река**, се наоѓа меѓу планината Челоица и Песјак, западно од селото Србица и североисточно од Кичево, поминува низ селото Поповјани и се влива во Зајска Река.

**Поповничка Река,** се наоѓа во југоисточниот дел на планината Смрдеш, (во Радовишкото Поле и се разводнува) во средниот тек и се влива во Возанска Река.

**Пореница**, повремена поројна река во пределот на Тиквеш, се спушта од ниската планина Лубош, поминува низ селото Шивец десно од Црна Река. При поголем водостој се влива во Црна Река.

**Поројска Река**, повремена поројна река, се наоѓа североисточно од Тетово, поминува низ селото Порој и се разводнува низ полето.

**Поток,** река на Шар Планина. Извира во месноста Вртишта, што се наоѓа во Лешочкиот атар. Кај месноста Гавраноец се соединува со Сила Вода и ја создаваат Лешочка Река.

**Прави Андак,** в. Панчаревска Река.

**Преведена Река**, в. Циронска Река.

**Прегловска Река**, се наоѓа во северниот дел на Бушева Планина, поминува низ селата Преглово и Пласница, југозападно од градчето Брод и се влива во Треска.

**Прилепска Река**, се наоѓа во Прилепско Поле, поминува низ Прилеп и се разводнува низ полето. Се среќава како Градска Река. Зафаќа сливно подрачје од 207,91 km$^2$.

**Проj Буковенит**, река на планината Кораб, северозападно од селото Жужње и северно од Дебар. Реката се влива во Радика.

**Проj Фел,** река на планината Кораб, во пограничниот дел со Албанија, јужно од Малата Корабска Врата се влива во Радика.

**Просничка Река**, се наоѓа во југоисточниот дел на Мокра Планина, југозападно од Велес, поминува нис селото Мелница и се влива од десната страна во Тополка.

**Прошевска Река**, се наоѓа на Шар Планина, западно од селото Врапчиште и северозападно од Гостивар.

**Пуста Река**, се наоѓа во западниот дел на Бушева Планина, северозападно од Крушево, поминува низ селото Пуста Река течејќи кон југ да се соедини со реката Жаба.

**Пчиња**, е втора по големина лева притока на реката Вардар (по Брегалница). Извира под врвот Бела Вода на планината Дукат во Србија на 1660 м.н.в. Тече низ Кумановската Котлина, Бислимската и Бадарската Клисура. Се влива во Вардар кај Таорската Клисура на 191 м.н.в. Тоа значи дека просечниот пад на реката изнесува 10,7 ‰. Долга е 136,6 km. Вкупната сливна површина на Пчиња изнесува 2.844 km$^2$ од кои во Македонија 2.373 km$^2$. Пчиња од десната страна ја прима Кумановска Река, а другите притоки се помали потоци, а од левата страна поголема притока е Крива Река другите се помали и со кус тек,: Драгоманска Река, Петрошница и Лука.

# Р

**Рабетинска Река**, се наоѓа на планината Песјак, источно од Кичево, поминува низ селата Р' бетино, Дупјани, Световрачи, Речани и се влива од левата страна во Треска. Зафаќа сливно подрачје од 65,5 km$^2$.



**Радешка Река**, се наоѓа на Конечка Планина, поминува низ раселените села Горно и Долно Радеш јужно од Радовиш и се влива во реката Крива Лакавица. Зафаќа сливно подрачје од 21,4 km$^2$.

**Радика,** река во Западна Македонија, меѓу планините Кораб и Крчин од десната страна и Шар Планина и Бистра од левата страна. претставува десна и најголема притока на реката Црн Дрим со должина од 64,7 km., денес се влива во вештачкото Дебарско Езеро. Зафаќа сливно подрачје од 876 km$^2$. Како извор на Радика е земен еден помал водотек што се формира на северозападната страна на Шар Планина, поточно на северозапад од врвот Голема Враца, на височина од 2260 m, а се влива на надморска височина од 487 m. Средната височина на сливот изнесува 1520 m. Нејзиниот вкупен пад изнесува 1773 m, а просечниот пад е со вредност од 27,4 ‰.Вкупната површина на сливот изнесува 879,8 km$^2$ од кои 273,2 km$^2$ се одземени по вештачки пат, така што одводнувањето од Горна Радика денес се врши кон Мавровското Езеро, а потоа кон сливот на р. Вардар. Од изворот до вливот реката Радика прима поголем број на притоки од I, II, III и IV ред. Поважни притоки се: Убав Поток, Штировица, Рибница, Жировница, Лопушник, Требишка, Битушница и Ростушка Река од десната и Аџина Река, Бродечка, Богдевска, Мавровска, Галичка и Мала Река од левата страна.

**Радишанска Река**, се наоѓа на Скопска Црна Гора, западно од селото Радишани и северно од Скопје, и се разводнува низ полето..

**Радњанска Река,** се наоѓа на планината Кожуф, јужно од градчето Демир Капија, поминува низ селото Радња течејќи кон север и се влива во реката Бошавица.

**Радовишка Река**, се наоѓа во југозападната падина на Плачковица, поминува низ Радовиш и се разводнува низ Радовишкото Поле. Зафаќа сливно подрачје од 59,9 km$^2$.

**Радомировска Река**, в. Песочанска Река.

**Раец,** река меѓу планината Бабуна и Дрен, источно од превојот Плетвар тече покрај патот Плетвар- Градско, во пределот на Раец. Во горниот тек се вика Свињарница. Зафаќа сливно подрачје од 305,19 km$^2$.

**Раздол**, река на планината Билино јужно од граничното тромеѓе на Република Македонија, Србија и Бугарија и северно од Крива Паланка.

**Раздоло**, река на планината Огражден, источно од селото Хамзали и североисточно од Струмица. Лева притока на Нивичинска Река.

**Рајничка Река**, се наоѓа на Конечка Планина источно од селото Пештерница и се влива во Гарванска Река.

**Ракита,** в. Љуботенска Река.

**Ракита,** река во југоисточниот дел на Селечка Планина, јужно од селото Ивени и источно од Битола и се влива од левата страна во Црна Река.

**Ракита**, река во југоисточниот дел на планината Голак јужно од Делчево, кај селото Разловци се влива во Брегалница.

**Ранковачка Река,** извира на планината Герман, се спушта во Славишко Поле, поминува низ селата Радибуш и Ранковце и се влива во Крива Река.

**Распаќе**, река што се наоѓа меѓу планините Лубен и Бушева Планина, поточно, северозападно од Крушево и северозападно од селото Пуста Река и се влива во реката Пуста Река или уште именувана како Горноливадска Река..

**Ратевска Река**, извира на Малешевските Планини на 1550 м.н.в. Поминува низ селото Ратево и се влива во реката Поленица, а Поленица во Брегалница. Нејзината должина изнесува 2,4 km, со вкупен пад од 747 метри и просечен пад од 31,1‰ . Има сливна површина од 138 $km^2$.

**Рашковац**, река на планината Осогово, северозападно од Кратово, лева притока на Кратовска Река.

**Река,** река на Скопска Црна Гора, западно од Куманово поминува низ селото Отља. Се влива во Липковското Езеро.

**Река,** десна притока на реката Бабуна.

**Репница,** извира од месноста Студена Водана планината Влаина. Должината на реката до вливот во Брегалница изнесува 7,8 km, со просечен наклон од 6,0 %.



**Речанска Река**, се наоѓа на планината Бистра, поминува низ селото Речани и северозападно од Кичево се влива во Зајска Река.

**Речика**, река во источниот дел на планината Кожуф, западно од раселеното село Коњско и Гевгелија, се влива во Коњска Река.

**Речица**, река на Шар Планина, поминува низ селото Речица, кое е западно од Тетово и се разводнува низ полето.

**Речиште**, река на планината Бистра, меѓу селата Сушица и Росоки и североисточно од Дебар. Се влива од десната страна на Мала Река (Мијачка).

**Решан,** река што се наоѓа северозападно од Дебар и се влива во Црн Дрим.

**Р' шана**, река на планината Баба, до граница со Грција југоисточно од селото Брајчино и Ресен.

**Рибарица**, река во Битолското Поле, јужно од селото Могила и североисточно од Битола, се влива во Караманското (Рибарското) Мочуриште, подоцна исушено и сега се влива во Црна Река.

**Рибарска Река (Тиквешка)**, се наоѓа во пределот на Тиквеш, северозападно од селото Бистренци и Неготино, се влива во реката Вардар.

**Рибарска Река (Конечка)**, се наоѓа на југозападната падина на Конечка Планина, кај Криволак се влива во Вардар.

**Рибница**, река на планината Кораб, тече низ селото Рибница и се влива во Радика. Се среќава и со името Брек. Зафаќа сливно подрачје од 96 $km^2$.

**Рибница Река (Прилепска)**, в. Блато.

**Рибница (Осоговска),** е река која ја сочинуваат Вратиславска Река, Тинта, Бесни Дол и други помали долови. Нејзиниот изворишен дел се наоѓа под врвот Омар на Осогово покрај државната граница со Бугарија. Должината изнесува 10,8 km, сливот има површина од 37,6 $km^2$. Реката извира на 1100 м.н.в., а се влива во Брегалница на кота од 490 метри, што значи дека вкупниот пад има вредност од 610 метри,

или просечен пад од 56,5‰. Средната височина на сливот е мошне голема (989 m), додека средниот наклон на сливот изнесува 11,9%.

**Рибница (Градешка)**, река на Градешка Планина, североисточно од селото Градец и градчето Демир Капија и се влива во Градешка Река.

**Рожденска Река**, в. Блаштица.

**Ростушка Река,** извира на планината Крчин, поминува низ селото Ростуше и од десната страна се влива во реката Радика.

**Ротска Река**, се наоѓа во северниот дел на планината Баба, западно од Битола, поминува низ селото Ротино, Цапарското Поле и се влива во реката Шемница. Зафаќа сливно подрачје од 23,52 km$^2$.

**Рударска Река**, се наоѓа на Осогово и е притока на Злетовска Река.

**Ругинска Река,** извира лево од патот Куманово-Крива Паланка, западно од селото Страцин, поминува низ селото Ругинце и источно од селото Бељаковце се влива во Крива Река.

**Русинска Река,** се формира под месноста Голем Јастребец и Ковчегарец на Малешевските Планини. Реката е со мало сливно подрачје. Должината изнесува 5,30 km, а средниот наклон на коритото изнесува 6-10%, се влива во Брегалница.

**Ручичка Река**, се наоѓа на Мокра Планина, јужно од селото Алдинци.

# С

**Самовилска Река,** се наоѓа на источната падина на планината Кожуф, западно од селото Смоквица и северозападно од Гевгелија, тече кон исток и се губи во Гевгелиско Поле.

**Сапунчица,** се наоѓа на планината Баба која започнува од Мразното Езеро што е под масивот Муза и се влива во реката Драгор.

**Сарандорска Река**, се наоѓа на источната падина на планината Кожуф до граница со Грција, западно од Гевгелија.



**Сариjар**, рекичка во северниот дел на Конечка Планина, во пределот на Сландол, лево од реката Брегалница и југоисточно од селото Бекирлија.

**Сатеска**, река во југозападна Македонија. Извира на југоистпчните падини на планината Стогово на надморска височина од 1300 m а се влива на 695 м.н.в. меѓу планините Караорман и Илинска Планина . Поминува низ пределот на Дебарца и делумно покрај патот Кичево-Охрид, потоа низ Струшко Поле и се влива во Црн Дрим. Зафаќа сливно подрачје од 411,47 km$^2$. Средната височина на сливот изнесува 1171 m. Нејзиниот вкупен пад изнесува 605 m, а просечниот пад е со вредност од 15,1 ‰.Таа под ова име започнува да тече јужно од с.Арбиново. По својот тек прима повеќе притоки и тоа: Годивска, Песочанска и Кочунска Река од десната страна и Мраморечка и Голема Река од левата страна.

**Сатока**, река меѓу планините Ниџе и Козјак, во пределот на Мариово, јужно од селото Бешиште и североисточно од Битола, десна притока на Црна Река.

**Сашка Река**, се наоѓа на планината Осогово, источно од селото Саса и североисточно од Кочани, притока на реката Каменица

**Светиниколска Река**, се наоѓа во Овче Поле, поминува низ Свети Николе и се влива во Брегалница. Има сливно подрачје од 658,7 km$^2$.

**Свиња Река,** се наоѓа на Осогово, се влива од лева страна во реката Каменица.

**Свињарница**, в. Раец.

**Свинска Река**, се наоѓа во западниот дел на планината Дрен, северно од селото Кокре и југоисточно од Прилеп, се влива во Кокречка Река

**Селемли**, река на планината Кожуф, покрај границата со Грција, тече кон југ и навлегува во територијата на Грција. Зафаќа сливно подрачје од 14,87 km$^2$.

**Селишна Река**, се наоѓа на источната падина на Бушева Планина, североисточно од Крушево, поминува низ селата: Селце, Норово, Алданци, Кривогаштани и се губи во Прилепското Поле пред да се влие во Црна Река.



Сл. 3. Река Сатеска во областа Дебарца



**Селишка Река**, се наоѓа на северниот дел од Плакенска Планина, североисточно од Охрид. Извира јужно од селото Брежани, поминува низ раселеното село Селиште и селото Брежани и се влива во Голема Река (Дебарцка).

**Селничка Река**, се наоѓа во пределот на Пијанец, североисточно од Делчево, до границата со Бугарија, поминува низ селото Селник и се влива од десната страна во Брегалница. Во долниот тек се вика Очипалска Река.

**Селска Река,** в. Панчаревска Река.

**Селска Река,** извира од највискоиот дел од шумата во близина на местото Џижолџе на планината Плачковица. Мнува низ с. Вадимирово во Малешево. Има должина од 6,2 km, со наклон на коритото од 5-10%.

**Селци**, река меѓу планините Стогово и Караорман, во горниот тек се вика Чатал и се влива во Црн Дрим.

**Сенокосна Река,** в. Заположница.

**Серава,** извира на Скопска Црна Гора, западно од Скопје, поминува низ центарот на Скопје каде е канализирана и се влива во Вардар. Зафаќа сливно подрачје од 30,5 $km^2$.

**Серменинска Река**, се наоѓа на Кожуф, извира во подножјето на врвот Двете Уши, поминува низ селото Серменин и се влива во Вардар, североисточно од Гевгелија. Зафаќа сливно подрачје од 62,75 $km^2$.

**Сидорка**, река на планината Мариовски Козјак, југоисточно од Прилеп, поминува низ селото Витолиште и се влива во Црна Река.

**Силна Вода,** се наоѓа на Шар Планина во атарот на село Лешок. Извира во месноста Плоча. Кај Гавраноец се спојува со Поток и ја создаваат Лешочка Река.

**Сипачанска Река**, се наоѓа на планината Голешница, поминува низ локалитетот Сипачан, северно од селото Горно Јаболчиште. Таа е лева притока на реката Тополка. Зафаќа сливно подрачје од 38,47 $km^2$.

**Сирава**, река во јужниот дел на планината Плачковица, североисточно од Радовиш и се влива во реката Плавија, а Плавија во Стара Река (Радовишка). Зафаќа сливно подрачје од 35 $km^2$.

**Сирковска Река**, извира на планината Клепа, поминува низ селото Сирково. Во близина на Росоман се влива во Црна Река,

**Скребатинска Река**, се наоѓа на Илинска Планина (Петра), североисточно од Охрид. Поминува низ селото Скребатно и се влива во Охридско Езеро. Зафаќа сливно подрачје од 25,3 km$^2$.

**Слатина,** река во пределот на Сландол, десно од патот Штип – Криволак, кај Криволак се влива во Вардар. Зафаќа слив од 73,4 km$^2$.

**Сливова Река**, се наоѓа на планината Кожуф, западно од раселеното село Коњско и Гевгелија и се влива во Коњска Река.

**Сливничка Река,** в. Бардачка Река.

**Слоештичка Река,** се наоѓа на Плакенска Планина во подножјето на месноста „Дамев Гроб" на 1.960 м.н.в. Се формира од следните реки на 2 км над селото Слоештица: Воденичка Река, Бела Река, Снасен Дол и Асаноец Дол. Додека во с.Слоештица, од левата страна се влива Левачка Река. Оваа река е лева притока на Боишка Река.

**Смилевска Река,** се наоѓа на планината Бигла, поминува низ селото Смилево и под селото се соединува со Стара Смилевска Река и ја формираат реката Обедничица.

**Смиланска Река**, се наоѓа во југоисточниот дел на планината Плачковица а северно од Радовиш. Поминува низ селото Смиланци и се влива во реката Плавија.

**Смрдлива Вода**, в. Рибарска Река (Конечка).

**Смрдлива Река,** се наоѓа на западната падина на Конечка Планина, лево од реката Вардар, источно од селото Војшанци и градот Неготино и се влива во Вардар.

**Сол Река,** се наоѓа на Скопска Црна Гора, западно од селото Табановце и северозападно од Куманово.

**Снасен Дол,** се наоѓа на Плакенска Планина. Над селото Слоештица учествува во формирањето на Слоештичка Река.

**Соленица,** река во северниот дел на Бушева Планина, поминува источно од селото Сланско и југоисточно од градчето Брод и се влива во Треска.



**Сопотничка Река,** е лева притока на Црна Река во Демирхисарската област. Долга е околу 5 km и има просечен пад на коритото од 7,2 %.

**Србиница**, река на планината Клепа, западно од селата Подлес и Градско, една од реките што ја формираат Крушевичка Река.

**Србинова Река**, се наоѓа во северниот дел на планината Челоица, поминува низ селото Србиново што е јужно од Гостивар и се влива во реката Лакавица.

**Среденски Дол**, река на Селечка Планина, источно од селото Рапеш и североисточно од Битола, лева притока на Црна Река

**Средорека**, се наоѓа во северниот дел на планината Бигла, источно од селото Вирово, поминува низ селото Боиште и се влива во Црна Река.

**Средорека**, се формира од повеќе безимени реки и од водите на Копришка Река на планината Кожуф. До вливот во Катунишка Река е долга 5,6 км. Минува под с.Боиште.

**Српска Река**, се наоѓа на северната падина на планината Беласица, јужно од селото Кукуш, југоисточно од Струмица, тече кон Струмичко Поле каде се разводнува.

**Станце**, река на планината Осогово, извира кај селото Каврак и кај селото Мушково се влива во Злетовска Река.

**Станишер**, река на западната падина на планината Баба, североисточно од селото Брајчино и југоисточно од Ресен.

**Стара Бреза**, река на Скопска Црна Гора, источно од селото Брест, северно од Скопје.

**Станичка Река**, се наоѓа на планината Осогово, поминува низ селото Станци и кај Крива Паланка се влива во Црна Река.

**Стар Дол,** река во североисточниот дел на планината Осогово, североисточно од Делчево. Заедно со реката Црварица ја формираат Габровска Река.

**Стара Река (Радовишка)**, извира на планината Плачковица, поминува западно од селото Ораовица, Радовишко Поле и се влива во реката Струмица.

**Стара Река (Бабина)**, се наоѓа на североисточната падина на планината Баба, поминува низ селата Ореово и Буково.

**Стара Река (Прилепскополска)**, се наоѓа во средишниот дел на Прилепското Поле, западно од Прилеп, се влива во реката Блато. Зафаќа сливно подрачје од 161,9 km$^2$.

**Стара Река (Бабунска)**, се наоѓа на планината Бабуна, тече кон Прилепското Поле покрај стариот пат Велес-Прилеп.

**Стара Река (Кожуфска)**, извира на планината Кожуф, тече меѓу Кожуф и Маријанската Планина. Пред да дотече до реката Вардар се разводнува низ полето. Во изворишниот дел се вика Крива Река (Кожуфска).

**Стара Река (Конопишка)**, се наоѓа на планинта Кожуф, извира кај границата со Грција се соединува со реката Жерница и кај селото Конопиште се влива во Бошавица. Зафаќа сливно подрачје од 27,8 km$^2$.

**Стара Река (Милеткова)**, извира на Кожуф близу до границата со Грција со името Страгарница, во средниот тек се вика Крива Река, кај селото Милетково се влива во Вардар.

**Стара Масалница**, река во Кочанското Поле, јужно од Кочани.

**Стара Курија**, река на Скопска Црна Гора, западно од селото Слупчане и северозападно од Куманово. Зафаќа сливно подрачје од 39,15 km$^2$.

**Старавинска Река**, се наоѓа на планината Ниџе, североисточно од Битола, поминува низ селото Градешница и Старавина и се влива во Црна Река. Истата река се вика и Градешничка Река.

**Старомаковски Дол**, река која се наоѓа на Селечка Планина, североисточно од Битола и источно од селото Маково.

**Старчев Дол**, река на планината Билино, североисточно од Крива Паланка, десна притока на Крива Река се влива кај селото Узем.

**Стинишка Река**, се наоѓа на јужната падина на планината Огражден, близу до границата со Бугарија, поминува кај селото Стиник и западно од селото Бадилен, а источно од Струмица се разводнува во Струмичкото Поле.



**Страгит**, река на планината Дрен, југоисточно од Прилеп тече од север кон југ, поминува низ селото Пештани и се влива во Црна Река.

**Страгарница,** в. Стара Река (Милеткова).

**Стржена Река**, се наоѓа на планината Влаина, југоисточно од Делчево и северно од селото Град, се влива во реката Пијавица.

**Строшка Река**, извира на Орешка Планина и се спушта кон северниот дел на Прилепско Поле, поминува низ селото Стровија и преку каналот Блато се влива од левата страна во Црна Река. Зафаќа сливно подрачје од 123,71 km$^2$.

**Струмица**, река во Струмичко-радовишката Котлина. Се влива во реката Струма. Сливната површина изнесува вкупно 1.535 km$^2$ а извориштето и се наоѓа на планината Плачковица и всушност го чинат најгорните делови на реките Радовишка и Ореовачка. Главниот извор е на кота од 1.540 m. Реките Радовишка и Ореовачка се соединуваат во Радовишко Поле, формирајќи водотек кој пред влезот во Струмичкото Поле го носи името Стара Река. Преку кратката Дервенска Клисура влегува во Срумичко Поле, каде се именува како Струмица. Овде таа покрај голем број на поројни водотеци од планините Огражден и Беласица ги прима и поголемите свои притоки: Нивичанска Река и Плавија од левата и Водочница од десната страна. Текот на Струмица низ Срумичко Поле порано бил отежнат од депонираниот нанос што пороите го довлекувале од планините. Како последица на ова се формирале замочурени места (Моноспитовско Блато). Понатаму реката Струмица ја напушта Република Македонија источно од Ново Село на кота од 186 m и влегува во Бугарија, вливајќи се во р.Струма. Во нашата земја има должина од 75,5 km.

**Студена Вода**, река на Конечка Планина, тече кон југозапад и во пределот на Пепелиште источно од селото Криволак пресушува

**Студеница,** река на планината Бистра, западно од Кичево и се влива од десната страна во Треска.

**Студеница,** река на планината Бабуна, лево од патот Велес-Прилеп и се влива во реката Бабуна.

**Студена**, река на планината Осогово кај селото Ратавица а западно од Злетово, се влива од десната страна во Злетовска Река.

**Ступница,** река во јужниот дел на планината Плачковица, источно од Радовиш и североисточно од селото Ораовица. Се влива од десната страна во реката Плавија. Во горниот тек се вика Ак Дере.

**Сув Дол**, река на југоисточната падина на планината Бабуна, југозападно од селото Фариш и лево од патот Прилеп-Градско.

**Сува Река**, се наоѓа на Скопска Сува Планина, северно од селото Осинчани и јужно од Скопје, се влива од левата страна во Маркова Река. Зафаќа сливно подрачје од 197,4 km$^2$.

**Сува Река (Дервенска)**, се наоѓа меѓу планините Сува Гора и Жеден, покрај патот Скопје-Тетово, забележана е со порешното име Фуш што значи Ливада. Зафаќа сливно подрачје од 164 km$^2$.

**Сува Река (Влаина)**, се наоѓа на планината Влаина. Се влива во Желевица северозападно од Пехчево, а Желевица во Брегалница.

**Сува Река,** се наоѓа на јужната падина на Огражден, источно од Ново Село и градот Струмица. Зафаќа сливно подрачје од 37,87 km$^2$.

**Сува Река,** повремена река во источниот дел на планината Бигла, северозападно од селото Обедник и југозападно од Демир Хисар од левата страна се влива во реката Обедничица.

**Сув Дол**, река северно од Пехчево на планината Влаина, десно од патот Пехчево-Берово. Се влива од десната страна во реката Желевица.

**Суви Дол**, река во северниот дел на планината Голак, западно од Делчево, лева притока на Брегалница.

**Суви Дол**, река на западната падина на планината Влаина, југоисточно од Делчево меѓу селата Град и Вирче и се влива во реката Брегалница.

**Суви Лаки**, в. Безгачева Река.

**Суви Поток**, река на планината Плачковица источно од Штип, поминува низ селото Радање. Се среќава и со името Куру Дере.

**Суводолка**, река која се наоѓа во Битолското Поле, источно од Битола, извира на Селечка Планина, поминува низ селото Суводол и се губи во Битолкото Поле.



**Суводолска Река,** се наоѓа на планината Орлак, источно од Демир Хисар, поминува низ селото Суводол и од десната страна се влива во Обедничица.

**Судичка Река**, се наоѓа на планината Манговица, поминува низ селата Судик и Врсаково, источно од Свети Николе и во Овче Поле пресушува.

**Сујица**, река во северниот дел на Гевгелиската Котлина, десно од реката Вардар и јужно од селото Смоквица.

**Сулѓу**, река на планината Беласица, источно од Валандово, поминува низ селото Башибос и се влива во Анска Река.

**Суринска Река**, се наоѓа на Скопска Црна Гора, северно од Скопје, поминува низ селото Булачане и се разводнува низ полето.

**Сушица,** река на планината Голак, североисточно од Виница и северно од селото Лаки, десна притока на Малешевска Река , а таа се влива во реката Брегалница како нејзина лева притока. Зафаќа сливно подрачје од 101,04 km$^2$. Должината на најзиното течение изнесува 6,3 km.

**Сушица**, река на планината Јабланица во пределот на Дримкол. Поминува низ селото Лабуниште и се влива во Црн Дрим. Зафаќа сливно подрачје од 20,30 km$^2$.

**Сушица**, река на северната падина на планината Беласица, јужно од Струмица и селото Куклиш и се губи во Струмичко Поле. Зафаќа сливно подрачје од 25,87 km$^2$.

**Сушица,** река на планината Китка и се влива во Вардар.

# Т

**Теаречка Бистрица**, в. Бистрица

**Темница**, река североисточно од Кичево, лева притока на Зајска Река

**Тиквешка Река**, се наоѓа на висорамнината Витачево, југозападно од Кавадарци, поминува низ селата: Дабниште, Ресава и се влива во Тиквешкото Езеро.

**Тодоров Дол**, река во северниот дел на планината Плачковица, јужно од селото Теранци и југозападно од Кочани.

**Тинта,** река на Осогово. Се соединува со Вратиславска Река и Бесни Дол и ја создаваат реката Рибница (Осоговска).

**Топол Дол,** река на планината Кожуф, јужно од селото Мрежичко и југозападно од селото Конопиште

**Топли Дол**, река во Западниот дел на Овче Поле, поминува низ селото Ѓуземелци и југозападно од Свети Николе.

**Топли Дол,** река на Селечка Планина, североисточно од селото Маково и градот Битола. Таа е лева притока на Црна Река.

**Тополка**, река на Мокра Планина, извира јужно од врвот Солунска Глава, тече меѓу планините Голешница и Бабуна. Јужно од Велес се влива во Вардар. Извира под Горно Бегово на надморска височина од 2010 m., а во Вардар се влива јужно од Велес на 157 м.н.в. Средната височина на сливот изнесува 760 m. Нејзиниот вкупен пад изнесува 1853 m., а просечниот пад е со вредност од 41 ‰. Долга е 45 km со вкупна сливна површина од 333,9 km$^2$. Во горниот тек до селото Горно Јаболчиште се вика Бегова Река, во средниот тек се вика Голема Река, а во долниот тек Тополка. Поголеми притоки кои ги прима од десната страна се: Врановска и Мелничка Река а од левата Мала Река.

**Тополничка Река**, се наоѓа на југозападната падина на планината Плачковица, северозападно од Радовиш, поминува низ селото Тополница и се разводнува низ Радовишко Поле

**Тораница,** река на планината Осогово чии извори се до границата со Бугарија, се влива во Крива Река, југоисточно од Крива Паланка

**Требишка Река**, се наоѓа на планината Крчин, поминува низ селото Требиште и се влива во Радика. Зафаќа сливно подрачје од 29,00 km$^2$.

**Треска,** е десна притока на Вардар чиј извор во вид на постојан карстен вруток се наоѓа кај с.Извор (Кичевско) на кота од 740 m. Се влива во Вардар кај с.Сарај западно од Скопје на апсолутна височина од 262 m. Долга е 136 km, со сливна површина од 2068 km$^2$. Тече низ Кичевската Котлина, Бродската Клисура, Порече и Шишевската Клисура до вливот во Вардар во Скопско Поле. Поранешното име било Велика Река,



бидејќи се сметала за горен дел на Вардар. На Треска се изградени акумулациите Матка, Св. Петка и Поречкото Езеро (Козјак). Поголеми притоки на Треска се Зајаска и Мала Река (Поречка) од лева и мошне атрактивната река Беличка Река и Белашница од десната страна.

**Тресонечка Река**, се наоѓа на планината Бистра. Тече низ селото Тресонче. Се влива во Мала Река (Мијачка). Зафаќа сливно подрачје од 33,7 km$^2$.

**Требомирска Река** извира под Требомирска Чука, на Влаина Планина. Должината до влезот во Брегалница изнесува околу 4,5 km.

**Трибичка Река**, се наоѓа во северозападниот дел на Струмичкото Поле, источно од селото Трибичино. Притока на реката Струмица

**Тридавци**, река во Овче Поле, поминува низ селото Буриловци, североисточно од Свети Николе.

**Трипошница,** в. Пчиња, река.

**Тркања**, река што тече од планината Беласица кон Струмичкото Поле.

**Тркањска Река**, се наоѓа на јужната падина на Осогово, северозападно од Кочани, поминува низ селото Тргање и се разводнува не дотечувајќи до Кочанска Река. Зафаќа сливно подрачје од 77,1 km$^2$.

**Трновчица**, река на планината Ниџе, во пределот на Трново, југоисточно од селото Будимирци и источно од Битола. Во горниот тек се вика Мала Река (Ниџева).

**Троблачка Река**, в. Драгобрашка Река.

**Трска Дереси**, река на Конечка Планина кај раселеното село Евренос југозападно од Радовиш. Се влива во Крива Лакавица. Зафаќа сливно подрачје од 31,72 km$^2$.

**Трсинска Река**, се наоѓа во западниот дел на планината Голак источно од Виница, поминува низ селото Трсино и се влива во Малешевска Река. Во горниот тек се вика Осој

**Трска**, река на планината Ниџе во пределот на Мариово, источно од Битола а се влива од десната страна на Црна Река

**Тујинска Река**, се наоѓа на планината Челоица, североисточно од Кичево, поминува низ селото Туин




Сл. 4. Река Треска кај локалитетот Матка
со патеката за кајак на диви води



**Турија**, река во Струмичко Поле, јужно од селото Сарај и североисточно од Струмица. Зафаќа сливно подрачје од 280,2 km².

**Туришница** се формира меѓу локалитетите Трско Брдо и Павлески Чукар на планината осогово. Се влива во реката Брегалница. Долга е 6,0 km. Претставува постојан водотек.

**Туртел,** река на планината Плачковица, тече од југоисток кон северозапад и се влива во Брегалница

## Ќ

**Ќафа Кадис**, река во крајниот југозападен дел на Шар Планина кај раселеното село Бродец западно од Гостивар.

## У

**Убав Поток,** река во горниот тек на реката Радика. Извира на Кораб и се влива од десната страна во Радика.

**Уjемштица**, река на планината Лубен, западно од селото Брезово и Крушево

**Уливеричка Река**, се наоѓа на Шар Планина југозападно од Тетово, поминува низ селото Долно Палчиште и се разводнува низ полето.

**Уломиjа,** река в. Зрновска Река.

**Ума,** в. Збошка Река.

**Умленска Река,** се формира од две поголеми безимени реки над селото Умлена во Малешево. Има изразито пороен карактер. Се влива во реката Брегалница.

**Уруп**, река, в. Ковачица, река.

**Усечка Река**, се наоѓа на планината Јабланица, се влива во Пискупска Река.

**Утов Дол,** в. Големоилинска Река.

# Ф

**Фурка**, река која се наоѓа на западните падини на Беласица, западно од селото Фурка и Нов Дојран.

**Фуш**, река, в. Сува Река (Дервенска).

# Х

**Хадина Река,** се наоѓа во крајниот југозападен дел на Шар Планина, северно од раселеното село Бродец и западно од Гостивар

**Ховска Река**, се наоѓа во северниот дел на висорамнината Витачево, лева притока на реката Луда Мара

# Ц

**Царевичка Река,** се наоѓа на Тиквешка Сува Планина, источно од превојот Плетвар, поминува низ селото Царевиќ и се влива во реката Раец

**Цветова Река**, се наоѓа јужно од Скопје, во пределот на Торбешија, поминува низ селото Цветово и се влива во Маркова Река. Зафаќа сливно подрачје од 33,1 km$^2$.

**Церовска Река**, се наоѓа на Плакенска Планина. Извира на 1.620 м.н.в. Поминува под с.Церово и е лева притока на Боишка Река. Нејзината вкупна должина изнесува 4,4 km.

**Церска Река**, извира на Бушева Планина на 1.380 м.н.в. Тече меѓу Лубен и Баба Сач, поминува низ селото Цер. Се влива како повремен речен тек во Големоилинска Река на 750 м.н.в. Долга е 17 km, од кои 10,5 km се со површински водотек, а останатите 6,5 km низ Церско Поле тече како подземен водотек. Зафаќа површина на сливот од 109



km$^2$ и има просечен пад на коритото од 3%. Кај с. Железнец се влива во горниот тек на Црна Река.

**Цирονска Река**, се наоѓа во северниот дел на планината Огражден, јужно од Берово меѓу Огражден и Малешевските Планини, во подножјето на вододелницата меѓу Брегалница и реката Струмица. Се влива во Дворишка Река, а таа во реката Лебница во Бугарија. Во горниот изворишен дел се вика Преведена. Зафаќа сливно подрачје од 95 km$^2$.

**Црвена Река**, се наоѓа во североисточниот дел на планината Баба, западно од Битола, поминува низ селото Нижеполе и се влива во реката Драгор.

**Црвена Река**, се наоѓа на планината Осогово, северозападно од селото Саса, во изворишниот дел на реката Каменица.

**Црварица,** река во североисточниот дел на планината Осогово, североисточно од Делчево. Заедно со реката Стар Дол ја формираат Габровска Река.

**Цреша**, в. Коњска Река.

**Црешева Река,** се наоѓа на Конечка Планина, северно од селото Лубница и југозападно од Радовиш..

**Црквенска Река,** извира од североисточниот дел на Малешевските Планини во близина на местото Петровец на границата со Р. Бугарија. Должината до вливот во реката Брегалница изнесува 6,8 km. Богата е со вода.

**Црн Дрим**, река во Западна Македонија. Започнува со излез од Охридското Езеро во градот Струга на кота 695 м.н.в. Припаѓа на Јадранскиот слив.Тече од југ кон север, поминува низ Струшкото Поле, клисурата Дримкол и кај Шпилски Мост ја напушта Македонија. Вкупната површина на сливот изнесува 4340 km$^2$. Во Струшко Поле нејзината десна притока е Сатеска, со регулациони зафати е пренасочена во Охридското Езеро. Овде, како и на следната делница во Дебарска Котлина при вливот на Радика (Шпилски Мост) е изградена брана за потребите на хидроцентралите Глобочица и Шпиље. Во Дебарската Котлина, на само 200 m од албанската граница, Црн Дрим ја прима од десната страна својата најголема притока Радика (денес

ова место е зафатено со водите од вештачкото Дебарско Езеро). Во Република Македонија должината на Црн Дрим е 48 km, а ја напушта Македонија и влегува во Албанија на кота од 460 m.

**Црна Река,** се наоѓа на Шар Планина до границата со Косово, западно од Гостивар

**Црна Река**, е десна притока на реката Вардар. Извира во југоисточниот дел на Илинска Планина, поминува низ пределот на Демир Хисар, Пелагонија, Мариово и кај Стоби на кота од 129 m се влива во Вардар., Извира од вртокот Црна Дупка кај с.Железнец Демир Хисар на кота од 769 м. Долга е 207 km. Сливната површина изнесува 5.890 $km^2$. Пред влезот во Тиквешка Котлина на Црна Река е изградена вештачка акумулација Тиквешко Езеро. Поголеми притоки на Црна Река од десната страна се: Шемница, Драгор, Елешка, Коњарка, Бела и др., а од левата само Блато и Раец. Античкото име е Еригон.

**Црна Река**, се наоѓа на источната падина на планината Баба, поминува низ селото Острец југозападно од Битола и се влива во Граешничка Река.

**Црна Река,** се наоѓа на планината Осогово, североисточно од Кочани. Зафаќа сливно подрачје од 51,37 $km^2$.

**Црнешница**, в. Мала Река (Поречка).

**Црничка Река**, в. Изворчица.

**Црничка Река**, се наоѓа во источниот дел на Прилепското Поле, се формира на западната падина на Селечка Планина, поминува низ селото Црничани и се разводнува низ полето.

**Црнолива Река**, повремена река во јужниот дел на Прилепското Поле, јужно од селото Канатларци и Прилеп.

**Црнушка Река**, се наоѓа на планината Бабуна, поминува низ селото Оморани и се влива во реката Бабуна. Зафаќа сливно подрачје од 38,37 $km^2$.

**Цруп,** в. Ковачица, река.

**Цулеска Река**, се наоѓа на планината Бистра, јужно од селото Лешница и северозападно од Кичево.





Сл. 5. Црна Река на влез во Скочивирската Клисура

# Ч

**Чавдарица,** река на Плакенска Планина, која со реките Јабланица и Мирча, ја создаваат Малоилинска Река.

**Чатал,** река, в. Селци, река

**Чаушица,** река на Шар Планина северозападно од селото Теарце, лева притока на Бистрица (Теаречка).

**Чашкина Река**, се наоѓа на планината Кожуф, близу до границата со Грција, поминува јужно од селото Конопиште и градчето Демир Капија

**Чеплеска Река**, се наоѓа на Орешка Планина и е притока на Бабуна

**Черопол,** река во северниот дел на планината Огражден, десна притока на Циронска Река

**Чифличка Река** се формира на локолитетот Здравец на планината Влаина. Тече покрај с.Чифлик и се влива во Брегалница. Претставува постојан водотек. Должината изнесува 6,3 km.

**Чешинска Река,** се наоѓа на западната падина на планината Бигла, кај селото Јанкоец, северно од Ресен и се влива во Голема Река (Ресенска). Зафаќа сливно подрачје од 17,86 km$^2$.

**Чинарли Река,** се наоѓа на планината Беласица, поминува низ раселеното село Булунтули и продолжува кон Валандово

**Чумовска Река,** се наоѓа на западната падина на Селечка Планина, поминува низ селото Чумово и се разводнува низ Прилепското Поле

# Џ

**Џелезен Дереси**, река во Струмичкото Поле, северно од селото Доброшинци и градот Струмица, се влива од десната страна во Нивичанска Река



# Ш

**Шара**, река на северозападната падина на планината Баба, североисточно од селото Крани и југоисточно од Ресен

**Шемница,** е десна притока на Црна Река која ја прима во Пелагониска Котлина долга 46 км со вкупна сливна површина од 325 km$^2$. Изворот и се наоѓа на северните падини на планината Баба под врвот Пелистер на надморска височина од 2080 m а вливот кај село Радобор на 580 м.н.в. Средната височина на сливот изнесува 990 m. Нејзиниот вкупен пад изнесува 1500 м а просечниот пад е со вредност од 32,6 ‰. Во изворишниот дел долината има атрактивен изглед особено во село Маловиште. Во Цапарска Котлина водите на Шемница се користат за наводнување, а дел од нив е зафатен со ХМС "Стрежево".

**Шеруп,** реката се наоѓа на Кораб и е притока на Радика

**Шипча,** река на планината Манговица, поминува низ селото Пишица што е северно од Штип и се влива во Злетовска Река

**Широкодолска Река**, се наоѓа во јужниот дел на планината Плачковица, северно од раселеното село Нивичино и југозападно од Берово

**Шталковска Река**, се наоѓа на планината Осогово, поминува низ селото Шталковица источно од Злетово и се влива од левата страна во Злетовска Река. Зафаќа сливно подрачје од 29,92 km$^2$.

**Штировица**, река меѓу планините Кораб и Шар Планина, притока на реката Радика. Зафаќа сливно подрачје од 27,55 km$^2$.

**Штрбовска Река**, извира на планината Баба и се влива во Кранска Река

**Штавичка Река,** се наоѓа на западната падина на Селечка Планина, поминува низ селото Штавица јужно од Прилеп и се губи во Прилепско Поле

**Штука,** река на јужната падина на планината Огражден, поминува низ селото Штука и се разводнува низ полето. Зафаќа сливно подрачје од 26,9 km$^2$.

СКОПЈЕ